## СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО 2006 ГОДИНА

*Декември 2006 година*
*С к о п ј е*

# ВОВЕД КОН ИЗВЕШТАЈОТ

Во 2006 година Стопанската комора на Македонија, со веќе успешно завршената трансформација, продолжи со успешниот од во својата мисија.

## Застапување на интересите на членките

Бројот на членството постојано се зголемуваше и тој се заокружи на околу 15.000 членки. Контактите со фирмите редовно се одржуваа и претставници на Комората во директни средби или на состаноците на облиците на организирање ги презентираа предностите од членувањето во Комората и корста што можат да ја имаат за нивниот бизнис. Интензивниот контакт со фирмите е оценуван од нив самите како позитивен приод од трансформацијата на Комората и тие изразуваа охрабрување тој пристап да продолжи континуирано.

Здруженијата на гранки го профилираа своето работење во новите услови и самостојно ги презентираа своите гледања на состојбите во областите што ги покриваат и во застапувањето на своите предлози до надлежните органи.

Се формираа нови групации согласно интересите на нашите членки. Излегувајќи во пресрет на потребите на своите членки, особено на малите и средни фирми кои доминираат во нашето членство, Комората пристапи заедно со други субјекти во Националниот совет за претприемништво и конкурентност, во Фондот за развој на човечките ресурси, во Центарот за размена на иновации, со цел и преку овие форми да придонесе за развој на бизнисот и да го подобрува целокупното бизнис-опкружување и да ја афирмира конкурентноста и пазарните законитости.

Со цел да се артикулираат интересите на странските инвеститори во нашата држава, Стопанската комора формира Совет на странски инвеститори, како и Совет на Стопанската комора на Македонија за разгледување клучни прашања од стопанството.

Постојните регионални комори остварија значајни активности особено во соработката со органите на локалната власт во дефинирањето на програмите за локален економски развој и во воспоставувањето соработка со регионални комори од соседните земји.

Истовремено, излегувајќи во пресрет на потребите на своите членки за доближување на бизнис-информациите до сите фирми, Комората во овој период отвори неколку нови регионални канцеларии во Тетово, Гостивар, Велес и во Куманово. Во функција на децентрализација на издавањето разни документи на фирмите за нивниот бизнис, а и за намалување на нивните трошоци за доаѓање во централата, Комората интензивно развива програма за електронско поврзување со регионалните комори со цел и тие да отпочнат со издавање на некои документи и таа програма во најскоро време ќе стане оперативна.

## Услуги за членките

Комората разви широк асортиман на услуги коишто, пред се', ги нуди на своите членки, како и на нечленки, со цел нивно привлекување да станат наши членки. Пред се', станува збор за услугите кои можат да се добијат од богатата база на Информациониот центар, како и повеќе бизнис-пакети.

Веб-порталот на Стопанската комора на Македонија од страна на Асоцијацијата на европските комори беше прогласен за најдобар портал. Во однос на претходната година зголемен е бројот на субјекти од земјата и од странство заинтересирани за услугите на Комората. Тоа дава поттик за развивање и применување нови услуги.

## Соработка со Владата

Активностите во рамките на јавно-приватното партнерство со претходната Влада се реализираа интензивно, а продолжија со несмален интензитет и со новата Влада на РМ во областа на стопанското законодавство.

Соработката со Владата е остварена за 25 законски текстови, од аспект на донесување нови закони или изменување и дополнување на постојните закони и подзаконски акти. Посебно треба да се потенцира соработката со Владата во конципирањето на Буџетот за 2007 година, потпишувањето Протокол за соработка со Управата за јавни приходи и промовирањето на нејзината новоотворена Дирекција за големи даночни обврзници. Во таа смисла, наша оценка е дека оваа соработка со Владата добива на квалитет, иако таа во некои стопански ресори не е на задоволително ниво.

Со цел нашите членки да се запознаат со економските програми на политичките партии во екот на парламентарните избори, Комората реализираше посебни работни средби со раководните лица на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.

Од своја страна, Комората презеде интензивни активности за промовирање на принципите на добро корпоративно управување. Во две групации се донесоа посебни кодекси на етичко однесување. Комората

потпиша посебен Протокол со Меѓународната финансиска корпорација за отворање посебен Центар за медијација во Комората.

**Меѓународни активности**

Овие активности имаа значајно место во работата на Комората. Пред се', треба да се потенцира претседавањето со Асоцијацијата на балканските комори. На оперативните работни средби на експерти за разни прашања, како и на Генералното собрание на Асоцијацијата, Комората ги застапуваше ставовите за либерализација на стопанската соработка меѓу фирмите од коморите на оваа асоцијација и за отстранување на присутните бариери во размената. При тоа, треба да се истакнат работните средби на претставници на МАКПРО со претставници на БУЛПРО и на СЦГПРО, на коишто се расправаше за олеснување на протокот на стоки на граничните премини. На тие работни средби активен придонес дадоа и претставници на соодветните царински служби на државите.

Во оваа година се оствaрија голем број контакти со претставници на комори и бизнис-асоцијации од повеќе земји, на коишто беа презентирани можностите за соработка со фирми од Република Македонија. Посебно треба да се истакнат бизнис-форумите на коишто нашите членки остварија бизнис-контакти со претставници на фирми од: Хрватска, Албанија, Србија, Чешка, Италија, Полска, Косово, Турција, Словачка, Шпанија, Нордиските земји, Валонија и др.

Истовремено, Комората помогна да се воспостават и голем број индивидуални контакти на наши со странски фирми.

Стопанската комора на Македонија оствари успешна соработка со меѓународни организации и институции, меѓу кои треба да се потенцира соработката со Светската банка, ОЕЦД, УНДП, кои редовно ја посетуваа Комората и се консултираа за разни прашања од областа на бизнисот во нашата држава, како и за концепирањето и реализирањето повеќе проекти.

**Некои фактографски податоци**

1. Комората ги поддржа:

- Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица со Предлог на закон;
- Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва со Предлог на закон;
- Предлог-законот за државен пазарен инспекторат.

2. Комората даде предлози и забелешки за изменување и дополнување на:

- Законот за градење;
- Законот за просторно и урбанистичко планирање;
- Законот за минерални суровини;
- Законот за превоз во патниот сообраќај;
- Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка со Предлог на закон и Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход со Предлог на закон;
- Законот и Правилникот за данокот на добивка;
- Предлогот за донесување Закон за концесии.

3) Комората достави иницијативи за донесување нови или изменување на постојни закони кои се прифатени од Владата:

- измени во Законот за данокот на добивка во делот на издвојувањето посебна резерва за обезбедување на потенцијалните загуби кај банките и штедилниците;
- изменување и дополнување на Законот за животна средина, член 185.

4) Комората достави повеќе иницијативи за донесување нови или изменување на постојни закони, но кои не се прифатени од Владата на Република Македонија:

- Закон за средно образование;
- Закон за превоз во патниот сообраќај;
- Закон за платен промет;
- Закон за чек;
- Закон за меница;
- Закон за јавни претпријатија;
- Донесување закон во кој би се обединиле одредбите на повеќе закони кои се однесуваат на работата на различните инспекциски служби;
- Закон за договорен залог;

- Закон и Правилник за данокот на добивка од аспект на задржаниот данок при исплата на приходи на странски правни лица;
- Изменување и дополнување на Законот за животна средина;
- Законот за управување со отпад;
- Закон за заштита на потрошувачите;
- Измена на Законот за радиодифузна дејност.

**Во Вашата бизнис-канцеларија** беа издадени 13.936 разни документи за ефикасно водење на бизнисот на членки и нечленки на Комората.

Секој работен ден просечно 55 претставници на фирми подигнуваат разни документи за потребите на нивниот бизнис.

**ГС1- Македонија** - прими 117 нови членки со што вкупниот број е 1273 фирми кои се влезени во милионската светска база на фирми кои користат кодови.

**Контакти со фирми**

- 900 фирми бае посетени во текот на годината и од нив околу 400 фирми се зачленија во Комората.

**На CALL-Центарот (15 0 15)** во текот на 2006 година имаше над 350 јавувања од земјата и од странство.

**На веб-порталот на Комората имаше:**

- повеќе од 330.000 посети од 20.800 различни корисници;
- внесени се повеќе од 2300 тендери;
- внесени се повеќе од 250 македонски компании;
- внесени се 1000 странски компании;
- внесени се 654 понуди/побарувачка;
- над 300 електронски поврзувања на македонски со странски компании;
- изработени се 144 листи на фирми;
- внесени се 135 компании во базата на Агенцијата за претприемништво.

**Бизнис-настани**

- Во минатата година во Комората се одржаа вкупно 644 настани (редовни состаноци на здруженија и групации, презентации, бизнис-форуми, семинари , обуки и слично), на кои учествуваа вкупно 23.885 претставници на фирми.
- Просечно во секој работен ден во Комората на овие настани присуствуваа по околу 120 претставници на фирми.
- Одржани се 79 меѓународни активности (бизнис-форуми, контакти со меѓународни асоцијации во земјата и во странство, саемски манифестации, презентации на домашни и странски компании).
- Одржани се 17 семинари, обуки, трибини и проектни ангажмани од меѓународен карактер.
- Потпишани се 9 протоколи и меморандуми за соработка со домашни и странски институции и асоцијации.

**Примена на меѓународни стандарди**

- Во 8 компании беше имплементиран систем за менаџмент со квалитетот согласно ИСО 9001;
- во 8 компании беше имплементиран системот за безбедност на храната, познат како систем за анализа на критични контролни точки - HACCP;
- во една компанија беше имплементиран систем за менаџмент со животната средина согласно ИСО 14001;
- Стопанската комора на Македонија, во соработка со British Standard Institution (BSI) ја продолжува успешната соработка и на полето на сертификации на системи за менаџмент со квалитетот согласно ИСО 9001 во 5 компании, ресертификации во 18 компании и континуирани проверки на имплементираните менаџмент-системи во околу 40 претходно сертифицирани фирми.

# МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

**НОВИОТ ПОЧЕСЕН ГЕНЕРАЛЕН КОНЗУЛ НА РМ ВО ИЗМИР**
**ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 20.01.2006**



Новоименуваниот почесен генерален конзул на Република Македонија во Измир, г-ѓа Гаје Акчен, на 13.01.2006 година ја посети Стопанската комора на Македонија каде што оствари работна средба со генералниот секретар на Комората, м-р Јелисавета Георгиева.

Заеднички беше констатирано дека Република Турција е одличен деловен партнер на Република Македонија. Во интерес на продлабочување и интензивирање на соработката меѓу стопанствениците од двете земји, генералниот конзул покрена иницијатива да донесе група елитни турски бизнисмени како потенцијални инвеститори во нашата земја. Комората како партнер ќе обезбеди податоци за развиените сектори во земјата и можностите за инвестирање во нив.

**ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЈАПОНСКИОТ АВТОМОБИЛСКИ ГИГАНТ “МИЦУБИШИ“**
**ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 18.01.2006**

Тимот од корпорацијата "Мицубиши", г-динот Масахико Јамамото од истражувачкиот центар во Лондон и г-динот Хирохару Окамото од филијалата во Истанбул, се интересираше за нашата бизнис-клима и можностите за инвестирање во повеќе сектори: инфраструктура, електростопанство, екологија, продажба на коли, хемиска индустрија и слично. Средбата ја оствација со вишите советниците во Стопаснката комора, Љубица Нури и м-р Ацо Спасовски.

**ПОСЕТА НА МАКЕДОНСКИОТ ПОЧЕСЕН КОНЗУЛ ВО ГЕРМАНИЈА**
**НА СТОПАНСКАТА КОМОРА, 13.01.2006**

Генералниот конзул на Република Македонија во Германија, неговата екселенција Ханс-Јурген Бош, ја посети Стопанската комора на Македонија. Тој беше примен и разговараше со М-р Ацо Спасовски, виш советник, кој го запозна гостинот со работењето на Комората и нејзината трансформација согласно Законот, како и за трговската размена со Германија и новите иницијативи за соработка.

**ПОТПИШАНА СПОГОДБА ЗА МЕЃУКОМОРСКА СОРАБОТКА**
**НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СО ФЕДЕРАЦИЈАТА**
**НА ЛИБИСКИТЕ ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКИ КОМОРИ, 5.02.2006**

Во Триполи, за време на официјалната посета на премиерот на РМ, д-р Владо Бучковки и неколкумина министри на Големата социјалистичка народна Либиска Арапска Џамахирија, претседателот на Стопанската комора на Македонија, господинот Бранко Азески и домаќинот Мохамед Хусеин Каноун, претседател на Федерацијата на либиските трговско-индустриски комори, потпишаа Спогодба за меѓукоморска соработка докуметот. Во таа прилика, Бранко Азески истакна дека овој чин значи обновување на традиционалните деловни односи кои беа прекинати повеќе од една деценија. Двете комори, согласно Спогодбата, директно ќе разменуваат информации за сите деловни можности и тендери што ќе се распишуваат. Информациите за трговската размена и услугите ќе бидат директно достапни за членките, со што се отвора можност за заеднички економски проекти меѓу бизнисмените и претприемачите од двете земји.
Како прв конкретен чекор во реализацијата на Спогодбата и олеснувањето на трговијата, разменети се потписи на овластените лица за заверка на сертификатите за потекло на стоки и други документи потребни за увоз и извоз на стоките што ги издаваат коморите.

**ПРЕТПРИЕМАЧИ ОД ИТАЛИЈА ВО КОМОРАТА, "ДЕН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ВО БАРИ, 21.02.2006**

Стопанска делегација од Република Италија, предводена од претседателот на Асоцијацијата на претприемачи од Бари, ја посети Стопанската комора на Македонија со цел остварување првични контакти со членки на Комората кои се заинтересирани за соработка.
Гостите преку видео-презентација се запознаа со стопанскиот потенцијал, природните реткости и културата на Република Македонија. Двете бизнис-асоцијации заеднички се заложија да им помогнат на претприемачите за да се претстават на пазарите во Италија и во Македонија бидејќи постои интерес и можност за соработка во повеќе индустриски гранки.

**БИЗНИС-СРЕДБА МЕЃУ МАКЕДОНСКИ И ХРВАТСКИ КОМПАНИ ОД ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИОТ СЕКТОР ВО СПЛИТ, ХРВАТСКА, 6.3.2006**

Разговорите на Првомартовската бизнис-средба меѓу македонските и хрватските компании ги организираше Стопанската комора на Македонија во соработка со ГТЗ. Бизнис-контактите меѓу деловните луѓе од областа на агрокомплексот се одвиваа во рамките на посетата на саемската манифестација "Гаст 2006" (храна, пијалаци, хотелска и угостителска опрема и сл.) на која се претставија и три македонски фирми: "Сковин" од Скопје, "Бовин" од Неготино и "Витаминка" од Прилеп.
На Бизнис-форумот беше презентиран капацитетот на македонскиот земјоделскиот сектор пред стотина хрватски компании.

**ОДРЖАНИ ДЕЛОВНИ СРЕДБИ НА СТОПАНСТВЕНИЦИ ОД МАКЕДОНИЈА И ОД АЛБАНИЈА, 6.3.2006**

Во организација на Стопанската комора на Македонија, Унијата на трговско-индустриските комори на Албанија и УСАИД, на 1 март 2006 година, во Тирана, се одржа Македонско-албански бизнис-форум. Учество зедоа и остварија деловни контакти повеќе од 100 фирми од различни индустриски сектори од двете земји. На Бизнис-форумот учествуваа и претставници од другите бизнис-асоцијации во Македонија. Средбата беше реализирана со цел да се интензивира деловната соработка. На отварањето на Бизнис-форумот беа присутни и премиерите на двете земји, Владо Бучковски и Сали Бериша.
Подобрување на бизнис-релациите е можно и преку постојната соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Унијата на трговско-индустриските комори на Албанија со нивен заеднички настап во Асоцијацијата на балканските комори (АБК), Асоцијацијата на европските комори (Eurochambres) и СЕКИ-Иницијативата за соработка во Југоисточна Европа.

**ОСНОВАНА АСОЦИЈАЦИЈА НА ПОГРАНИЧНИ РЕГИОНАЛНИ СТОПАНСКИ КОМОРИ НА ЕВРОРЕГИОНОТ НИШ-СОФИЈА-СКОПЈЕ, 9.3.2006**

Во Ниш беше потпишана Спогодба за основање на Асоцијација на погранични регионални стопански комори на Еврорегионот Ниш-Софија-Скопје. Основачи на оваа асоцијација се регионалните комори на Софија, Перник, Видин, Враце, Скопје, Ниш, Лесковац и Зајечар. Асоцијацијата е отворена и за пристапување на други регионални погранични комори. Во име на Регионалната комора со седиште во Скопје, спогодбата ја потпиша претседателот Раде Трајковски.
Асоцијацијата е основана како невладина, неполитичка и непрофитна асоцијација, со цел унапредување на соработката меѓу претпријатијата од овие подрачја.
За претседавач на Асоцијацијата со едногодишен мандат е избран Георги Чернев, претседател на Регионалната стопанска комора на Софија.

**АМБАСАДОРОТ НА КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА, ГОСПОДИН ФИЛИП БЕКЕ, ВО ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП, 6.3.2006**

Регионалната комора во Прилеп беше домаќин на Н.Е. господинот Филип Беке, амбасадор на Кралството Белгија со седиште во Софија, акредитиран за Република Македонија, како и почесниот конзул за Македонија, г-ѓа Елена Никодиновска.
Претседателот на Регионалната комора со седиште во Прилеп, Симон Наумоски, пред градоначалникот на Општина Прилеп и локалните стопанственици зборуваше за значењето и улогата на Регионалната комора, економијата, трговските и инвестициските потенцијали на регионот, како и за можностите за соработка со компании од Белгија.
Амбасадорот го посети производствениот капацитет на прехранбената индустрија - "Витаминка", Мермерниот комбинат и оствари разговор со генералниот директор на АД "Прилепска пивара", Александар Самарџиоски.

**СОРАБОТКА МЕЃУ РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ НА БИТОЛА И ПОЖАРЕВАЦ, 10.3.2006**

Делегација на Регионалната комора Битола предводена од претседателот Благој Стојчев оствари дводневна посета на Регионалната стопанска комора на Пожаревац.. На одржаните состаноци на претставниците од двете регионални комори беа презентирани економските потенцијали на двата региона и можностите за проширување на соработката во иднина.
Посетата беше искористана и за средба со Здружението на занаетчии од Гроцка, крај Белград, заради негово претставување на саемот во Битола.

**ВТОРА СЕДНИЦА НА МАКЕДОНСКО-СРПСКИ ДЕЛОВЕН СОВЕТ И БИЛАТЕРАЛНА СРЕДБА НА НАЦИОНАЛНИТЕ КОМИТЕТИ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА И ТРАНСПОРТОТ МАКПРО–СЦГПРО НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ТАБАНОВЦЕ, 13.3.2006**

Заради унапредување на билатералните деловни односи и поттикнување на стопанските активности, а меѓусебната целосна либерализација на трговијата и отпочнатиот процесот за воспоставување на зона за слободна трговија во регионот, Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Србија

иницираа средба на националните прокомитети МАКПРО и СЦГПРО и одржување втора седница на Македонско-српски деловен совет.
Претседателите на комориte, Бранко Азески и Слободан Милосављевиќ, заедно со претставниците на деловните заедници, направија обиколка на граничните премини Прешево и Табановце и остварија средба со претставници од царинските служби на Република Македонија и Република Србија. Заеднички заклучок беше дека, од двете страни, се бележи значително забрзување на времетраењето на граничните процедури без суштински нарушувања на протокот на стоки. Онаму каде што треба што поскоро да се интервенира е инфраструктурата, работното време на одделни служби на граничните премини, како и воспоставување на меѓусебна електронска поврзаност.
На седницата на Македонско-српскиот совет заеднички е оценето дека стопанската соработка меѓу Македонија и Србија е значителна по обем, но таа треба да добие нов квалитет со целосната либерализација на билатералната и регионалната трговија. Од особена важност е подобрувањето на конкурентна способност на фирмите не само на регионалниот, туку и на единствениот ЕУ-пазар.

## ДЕЛЕГАЦИЈА НА ПРЕТСТАВНИЧКИОТ ДОМ НА ПАРЛАМЕНТОТ НА ВОЈВОДСТВОТО ЛУКСЕМБУРГ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 21.3.2006

Гостите водеа разговори со м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија и нејзините соработници. Констатирано е дека меѓусебната надворешно-трговска размена е засега се` уште е мала. Со оглед дека Војводството Луксембург е силно развиено во областа на банкарството, осигурувањето, електроиндустријата, прехрамбениот сектор, области во кои на Македонија и е потребно комплеметрано надополнување, заклучено е дека постојат можности за развивање на заеднички проекти.

## ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА НАЈВЛИЈАТЕЛНАТА ГЛОБАЛНА ТЕЛЕВИЗИСКА МРЕЖА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 27.3.2006



Македонија започна со светска медиумска кампања на глобалната телевизиска мрежа "CNN". Проектот "Македонија на CNN", идејно беше покренат во Стопанската комора на Македонија, а неговата практична реализација започна со потпишување на Протоколот за соработка меѓу Македонската банка за поддршка на развојот (со поддршка на Владата на Р.М.) и CNN.
За таа цел, потпретседателот на глобалната телевизиска мрежа Рани Рад ја посети Стопанската комора на Македонија. Со м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија, како и со претставници на Здружението на продукцијата, маркетингот и медиумите - ПроМаркМедиа, се разгледуваа можностите како Комората да ја помогне реализацијата на Проектот "Македонија на CNN".
Се предвиде спот од 30 секунди кој на CNN ќе биде прикажан 253 пати. Средства за финансирање на проектот со CNN во висина од 300 илјади евра ги обезбедува Македонската банка за поддршка на развојот, како финансиска помош од Европската агенција за развој, предвидена за промоција на Република Македонија.

## МАКЕДОНИЈА ВЛЕГУВА ВО ЕВРОПСКАТА МРЕЖА НА ЦЕНТРИ ЗА ПРЕНОС НА ИНОВАЦИИ (ИРЦ), 21.3.2006

Норвешката фондација за иновации и технологии - СИНТЕФ го иницира проектот за основање Центар за пренос на иновации (ИРЦ) во Република Македонија и вклучување на земјава во ИРЦ-мрежата основана од Европската комисија во 1995 година. Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" заедно со СИНТЕФ, на 29 март 2006 година одржа Работилница за основање на ИРЦ во Македонија како интегрален дел на ИРЦ-мрежата на ЕУ. Мрежата денес се состои од 71 национален ИРЦ-центар, а во неа се вклучени и земји вон ЕУ. Овие центри се креирани со цел да се помогне трансферот на иновативните технологии од и кон Европските компании и истражувачките центри. ИРЦ-мрежата стана водечка европска мрежа за промоција на технолошки партнерства и трансфер, главно меѓу мали и средни претпријатија.

## КЛУБ НА ФИРМИ ЗА СОРАБОТКА СО ЗЕМЈИТЕ ОД БЛИСКИОТ ИСТОК И МАГРЕБ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 23.3.2006

Се најавува голема-бизнис делегација од Либиската Арапска Џамахирија да престојува во земјава. Ова е соопштено на седницата на Клубот на фирми за соработка со земјите од Блискиот Исток и Магреб во Стопанската комора на Македонија. Со тоа и практично почнува да се остварува Спогодбата за меѓукоморска соработка, што претседателот на СКМ, Бранко Азески ја потпиша со својот домаќин, претседателот на Федерацијата на Либиските трговско-индустриски комори, при посетата на Македонската државно-стопанска делегација на Триполи, на 5 февруари 2006 година.

Покрај градежништвото, според м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија, постојат можности за меѓусебна размена и во областа на телекомуникациите, земјоделско-прехранбениот сектор, фармацевстката индустрија и услугите. Но претходно мора да се воспостави правна рамка за стопанската размена преку потпишување меѓудржавни договори, не само со Либиската Џамахирија, туку и со останатите земји од Блискиот Исток и Магреб. Сегашната меѓусебна стоковна размена на годишно ниво изнесува скромни неколку десетици илјади САД долари, а Либија е на 97-то место на листата на трговски партнери на земјава.

## СОСТАНОК НА МАКЕДОНСКО-КИНЕСКИОТ ДЕЛОВЕН ЦЕНТАР, 4.4.2006

Членовите на Македонско-кинескиот деловен центар констатираа дека Кина станува еден од позначајните трговски партнер на Република Македонија. Но, трговскиот дефицит на Македонија во однос на оваа земја



во последните три години рапидно расте, а во 2005 година достигна 98 милиони американски долари. Тогаш Кина беше десетти партнер на Македонија по обемот на вкупната размена која изнесуваше 124,9 милиони американски долари. Од нив, на македонскиот увоз отпаѓаа само 9,9 милиони.

За да почне да се воспоставува баланс во размената, членовите на Центарот се согласија со неопходноста од поголем ангажман како на приватниот, така и на јавниот сектор. За таа цел, побарано е претставник на Стопанската комора на Македонија да биде делегиран во Мешовитата македонско-кинеска владина комисија за трговска и стопанска соработка при Министерството за економија. Инаку, оваа комисија до крајот на овој месец ќе одржи состанок во Пекинг со кинеските партнери.

Во работата на состанокот учествуваше и Лиу Чинчуан, втор секретар на Амбасадата на Народна Република Кина во земјава, кој го презентираше Меѓународниот саем за купувачи во Кантон (www.cantonfair.org.cn).

## РАБОТИЛНИЦА "АКРЕДИТАЦИЈА НА ПРЕТСТАВНИШТВА И ВРАБОТЕНИ ВО РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА", 5.4.2006



Стопанска комора на Македонија, Македонско-руската стопанска комора и трговско-индустриска комора на Руската Федерација организираа работилница за акредитација на странски претставништва и на вработени во Руската Федерација.

Работилницата ја водеа Јури Денисенков, директорот на Одделот на странски акредитации и Јуриј Черников, експерт во тоа Одделение. Претставниците на Трговско-индустриска комора на Руската Федерација потенцираа дека земјата интензивно се развива регионално и клучниот деловен потенцијал е во областите - регионите. Во Москва се случуваат мултинационални проекти и се водат глобални инвестициони бизниси. Македонските компании треба да ги воспостават главните контакти со регионалните комори и преку нив деловно да се поврзат со потенцијалните парнери. Климата и културното наследство на Македонија е реален предизвик за руските туристи, особено од тамошните региони со поинаква клима.

## ОДРЖАН БИЗНИС-ФОРУМ МЕЃУ МАКЕДОНСКИ И ЧЕШКИ ФИРМИ ВО ПРАГА, 5.4.2006



Во организација на Стопанската комора на Македонија и Конфедерацијата на чешката индустрија, во просториите на Министерството за индустрија и трговија во Прага, се одржа Македонско-чешки бизнис-форум.

Манифестацијата беше организирана по повод официјалната посета на премиерот на Република Македонија, д-р Владо Бучковски на Чешката Република и разговорите со неговиот колега, премиерот Јиржи Пароубек.

На отварањето на Бизнис-форумот, покрај двајцата премиери кои се обратија пред стопанствениците, присуствуваа и министрите за економија на двете земји.

Во своето обраќање генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева, потенцираше дека добра основа за унапредувањето на директните контакти меѓу претприемачите се и Спогодбата за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Конфедерацијата на индустријата на Чешката Република потпишана во 2004 година, како и Меморандумот за разбирање меѓу Стопанската комора на Македонија потпишан со Стопанската комора на Чешка во 1995 година.

На Бизнис-форумот учество зедоа 26 чешки и 14 македонски фирми.
Во рамките на Македонско-чешкиот бизнис-форум, Георгиева се сретна и со Милан Ховорка, генерален директор на Одделението за соработка со европските земји и земјите од ЗНД при Министерството за индустрија и трговија на Чешката Република. На средбата Георгиева го запозна со улогата и активностите на Стопанската комора на Македонија за обезбедување поволен деловен амбиент во Македонија.

## ПРЕТСТАВНИЦИ НА УНИЈАТА НА ИНДУСТРИЈАЛЦИ ОД РЕГИОНОТ ТРЕВИЗО ОД ИТАЛИЈА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 12.4.2006

Во посета на Стопанската комора на Македонија, престојуваа Марио Вицото, член на извршниот одбор одговорен за интернационализација и Анализа Бисон, претставник на Одделението за меѓународна соработка од Унијата на индустријалците на италијанскиот регион Тревизо. Во разговорите што ги водеа со своите домаќини ја истакнаа заинтересираноста на фирмите од овој регион за инвестирање во Република Македонија. Тоа е во согласност со деловната филозофија на тамошните компании кои ја дисперзираат својата индустрија во земјите од Југоисточна Европа и Кина.



Овој индустриски развиен регион го предводат металургијата и машинската индустрија, текстилот и модата (со познатите производители "Бенетон", "Лото" и др.), индустријата за чевли и кожа, накит, мебел, пластика, прехранбената индустрија и други. Во Македонија во мометов делува само една компанија од овој регион. Заради интензивирање на меѓусебните трговски односи договорено е бизнис-делегација од Тревизо да ја посети Стопанската комора на Македонија и да оствари бизнис-контакти со заинтересирани компании од земјава.

## ОРГАНИЗИРАН НАСТАП НА МАКЕДОНСКАТА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА НА СРПСКИОТ ПАЗАР, 19.4.2006

На иницијатива на претседателите на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески и Стопанската комора на Србија, д-р Слободан Милосављевиќ, во рамките на 28-миот Меѓународен саем за туризам (ИФТ 2006), во Белград, се одржа работна средба меѓу македонските хотелиери и српските туроператори.
На средбата се разговараше за македонската туристичка понуда и организираниот македонски настап пред српските туристички агенции.
Средбата беше резултат на анализите кои покажуваат дека македонската туристичка понуда веќе подолго време ја нема на српскиот пазар.

## АМБАСАДОРОТ НА КРАЛСТВОТО БЕЛГИЈА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 20.4.2006

Неговата екселенција Филип Беке, амбасадор на Кралството Белгија ја посети Стопанската комора на Македонија и разговараше со г-ѓа Савка Димитрова, претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Комората, како и со соработниците.



Целта на посетата беше да се разменат информации за стопанската соработка меѓу Република Македонија и Кралството Белгија, како и подготовките околу посетата на бизнис-делегација на покраината Валонија предводена од Агенцијата за инвестирање и трговија во месец јуни 2006 година.

## БИЗНИС-ДЕЛЕГАЦИЈА ОД КОСОВО ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 5.5.2006

Во рамките на посетата на Агим Чеку, премиер на привремената Влада на Косово на Република Македонија, допатуваа и група косовски бизнисмени на директна средба со потенцијаните партнери од Македонија во Стопанската комора. Двете бизнис-делегации ги предводеа челните луѓе на стопанските асоцијации, Бранко Азески и Бесим Беќај. На разговорите присуствуваше и тогашниот македонскиот министер за економија, Фатмир Бесими и неговиот колега, косовскиот



министер за трговија и индустрија, Бујар Дуголи. На средбата учествуваа и претставници од Комората на северозападна Македонија.
Статистичките податоци на Косово за 2005 година покажуваат дека по ЕУ, Република Македонија е втор надворешно-трговски партнер на Косово.
Бизнисмените од Македонија и од Косово од министрите побараа одговор за застоите на граничните премини и за можностите за отворање нови премини, како и за проблемите околу различните даночни стапки кај прехранбените производи. За делумно надминување на проблемот се сугерираше за поголемо користење на возобновениот железнички сообраќај, а се најави и отворање нов граничен премин кој би требало да ги поврзе Гњилане и Куманово.

**ДЕЛЕГАЦИЈА НА ОЕЦД ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА КОМОРАТА, 10.5.2006**



Стопанската комора на Македонија, на сопствена иницијатива ја посети делегација на ОЕЦД, предводена од Јулио Набаис и Сениор Адвисер. Разговараа за реализација напроектот SIGMA (Support for Improvement in Governance and Management) во нашата држава и можноста за партнерство со Комората.
Гостите беа информирани за ставовите на Стопанската комора на Македонија околу прашања кои ги содржи овој проект, како и за практичните проблеми со кои се судруваат нашите членки.

**ПОСЕТА НА ПОЛСКА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП, 8-11.5. 2006**

Претседателите на регионалните комори на Прилеп и на Радом, Република Полска, потпишаа Договор за соработка. Потпишувањето се случи при средбата на градските власти на покана на градоначалникот на Радом, Делегација од Прилеп ја предводеше градоначелникот Марјан Ристески, а во неа беа и претставници на Регионалната стропанска комора и бизнисмени од дваесетина компании од оваа општина. Со претставниците на бизнис-заедницата на Радом беа разгледани и конкретните можности за соработка во повеќе стопански области. Истовремено претставниците на Регионалната комора со седиште во Прилеп остварија средби со преставници на Стопанската комора на Варшава и на трговската фирма "Хала Банаха".

**КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ПАРТНЕРСТВОТО НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА МЕЃУ ГЕРМАНИЈА, БУГАРИЈА И АСОЦИЈАЦИЈАТА НА БАЛКАНСКИТЕ КОМОРИ, 9-1.5.2006**

Во Софија се одржа Конференција за партнерството на мали и средни претпријатија меѓу Германија, Бугарија и Асоцијацијата на балканските комори. На неа зедоа учество фирми-членки на Стопанската комора на Македонија и коморски преставник. Темите беа посветени на германската економија и нејзиниот придонес кон економскиот развој на Југоисточна Европа. Претставникот од Комората презентираше за придонесот на приватниот сектор, коморите и Асоцијацијата на балканските комори кон процесот на создавање слободна зона на трговија во Југоисточна Европа, соработка и интеграција.
Претставниците на коморите-членки на Асоцијацијата на балканските комори имаа одделна средба со Мартин Ванселебен, извршен директор на Унијата на германските трговски и индустриски комори. Целта беше запознавање на коморското функционирање во рамките на нивните општества и потребата за продолжување на партнерскиот проект ABC-DIHK.

**ПРОМОВИРАН МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКИ ДЕЛОВЕН КЛУБ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 22.5.2006**



Премиерите на Република Хрватска и Република Македонија, д-р Иво Санадер и д-р Владо Бучковски, присуствуваа на Македонско-хрватскиот деловен клуб во Стопанската комора на Македонија. Стотина менаџери на фирми-членки на Стопанската комора на Македонија кои го сочинуваат овој клуб и кои веќе соработуваат со хрватски компании, ги слушнаа пораките на премиерите и нивните соработници, хрватскиот министер за стопанство, труд и претприемништво, Бранко Вукелиќ и заменик-министерот за економија на Република Македонија, Саша Андоновски. Нивен домаќин беше Бранко Азески. На формирањето на Клубот, од кој се очекува уште повеќе да ја поттикне меѓусебната економска соработка, присуствуваше и Дуња Коњевод, потпретседател на Хрватската стопанска комора.
И двајцата премиери и челните луѓе на бизнис-асоцијациите се согласија дека трговската размена меѓу Република Македонија и Република Хрватска има стабилен, сразмерен раст со процесот на либерализација на трговијата, односно, со примената на Договорот за слободна трговија.
Можно е обновување на соработката во областа на обоените метали и поддршка на извозот на лимови за хрватските бродоградилишта. Во областа на производството на украсни камења, фелспат и зоолит,

Македонија има интерес да ги повика хрватските инвеститори за заеднички вложувања во искористувањето на добиените концесии, како и промовирање на овие производи на хрватскиот пазар, - истакна Бранко Азески. Унапредување на соработката меѓу двете земји треба да биде по пат на повисоки и постојани облици на соработка како кооперации, заеднички вложувања и заеднички настап на трети пазари.
Д-р Иво Санадер констатира дека двете бизнис-заедници речиси немаат пречки за остварување на што поголема размена, туку напротив, имаат целосна поддршка од двете влади.

## ПОСЕТА НА РАКОВОДСТВОТО НА SIPPO, 31.5.2006



Во рамките на потпишананиот Меморандум за разбирање меѓу Швајцарската програма за промоција на извозот (SIPPO) и Стопанската комора на Македонија, претставниците од SIPPO, Оливер Стерн, проект-менаџер и  Мартин Одермат, заменик-директор, водеа разговори со претставници на Стопанската комора на Македонија за тековните и идните заеднички активности.
SIPPO е во функција на давање директна поддршка на увозните активности на Швајцарија, а посредно ги поддржува извозните активности на земјите-партнери. Нивното основно делување се одвива на четири нивоа: трговска промоција, тренинг, развој на трговијата и давање трговски информации, односно информации за различни пазари.
Во моментов SIPPO во Македонија активно поддржува неколку сектори: дрвната индустрија, земјоделско-прехранбениот сектор (овошје и зеленчук, вино и лековити и ароматични билки), ИТ-секторот, металопреработувачката индустрија и млади дизајнери.

## ДЕН НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА МАКЕДОНСКОТО СТОПАНСТВО ВО ИСТАНБУЛ, 5.6.2006

Стопанската комора на Македонија ја симболизира стабилноста во развивањето на стопанските контакти, - истакна Фазли Кешмир, поранешен амбасадор на Република Турција во Република Македонија на промотивниот настан "Од искрено пријателство до искрена соработка", кој се одржа во организација на Индустриската комора на Истанбул и Генерален конзулат на Република Македонија во Истанбул.
Промоцијата на македонскиот економски потенцијал имаше цел и да ги анимира турските бизнисмени кои ќе земат учество во работата на Македонско-турскиот деловен совет за време на посетата на Реџеп Таип Ердоган, премиерот на Турција на Македонија на 13 јуни 2006 година. Претставникот на Стопанската комора на Македонија ги презентираше трговските можности на Република Македонија во светлина на имплементацијата на слободната трговија меѓу двете земји. Исто така и Министерството за економија, Министерство за надворешни работи, Дирекцијата на слободни економски зони, претседателот на Македонско-турскиот деловен совет и трговскиот претставник на Република Турција во Република Македонија, преку соодветни презентации и одговори на конкретни прашања ја претставија Македонија како погодна деловна дестинација пред седумдесетина турски бизнисмени.
Македонската делегација имаше можност да се сретне и со членовите на Управниот одбор на Здружението на иселеници-стопанственици од балканските земји РУЈИАД. Здружението го изрази интересот за воспоставување поблиски односи на соработка со Стопанската коморана Македонија.

## ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКАТА КОМОРА НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НУДИ ЗАЈАКНАТО КОМОРСКО ПАРТНЕРСТВО, 1.6.2006



По повод промоцијата на книгата "Светот по 11 септември и инвазијата врз Ирак" на Евгениј Примаков, актуелен претседател на Трговско-индустриската комора на Руската федерација, која се одржа во МАНУ, Стопанската комора на Македонија ја посетија Владимир Аксенов, одговорен за односи со јавноста, Николај Александров, заменик-директор на Одделението за односи со странство и Петар Стојанов, советник на амбасадорот на Руската федерација во Република Македонија.
При оваа протоколарна посета, руската страна ја пренесе подготвеноста на Трговско- индустриската комора на Руската Федерација да ја поттикне меѓукоморската соработка и да ги промовира трговските можности за размена меѓу двете земји. Нагласено е дека регионите на Руската Федерација се неограничени пазари за македонското стопанство, но тие треба да се препознаат меѓусебно.

**МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКИ БИЗНИС-ФОРУМ**
**ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 7.6.2006**



Првата средба по формирањето на Македонско-хрватскиот деловен клуб меѓу бизнисмените од двете земји се случи со компаниите од Сплитскиот регион. Претставниците на дваесетина реномирани фирми-членки на Регионалната комора од Сплит, која е во составот на Хрватската стопанска комора, учествуваа на Бизнис-форумот во Стопанската комора на Македонија.. Тие со своите домаќини, педесетината македонски бизнисмени, разговараа за зголемување на трговската размена меѓу двете земји, а ним им се обратија генералните секретари на двете комори, м-р Јелисавета Георгиева и Катја Буличиќ, како и хрватскиот амбасадор во Република Македонија, Иван Кујунџиќ. Пред одржувањето на Македонско-хрватскиот бизнис-форум, деловната делегација од Сплит два дена престојуваше во Охрид, каде што во организација на регионалните комори од Охрид и Битола, имаа успешни средби со локалните бизнисмени.

**ДЕЛЕГАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА ВО ПОСЕТА НА РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО ПРИЛЕП, 4-7.6.2006**

Во организација на Регионалната комора - Прилеп и локалната самоуправа на општина Прилеп, делегација од Тополчани, Република Словачка, предводена од градоначалникот Павол Сегаш, го посети овој регион. Целта на посетата беше збратимување на општина Прилеп-населеното место Тополчани и општина Тополчани од Република Словачка, како и бизнис-средби меѓу деловни луѓе од двата региона.
Гостите се сретнаа и со претседателот на Регионалната комора, Симон Наумоски, градоначалникот на општина Прилеп, Марјан Ристески и претседателот на месната заедница од нашето населено место Тополчани, Кире Петанчески. Посебен интерес изразија за трговијата со дрво и производи од дрво за што се организираа и посебни средби во Регионалната комора, како и посети на локалните компании.

**ОДРЖАН МАКЕДОНСКО-ТУРСКИ ДЕЛОВЕН СОВЕТ, 15.6.2006**

Основачи на Македонско-турскиот деловен совет се Стопанската комора на Македонија и Одборот за економски односи со странство на Република Турција (ДЕИК).




Во последно време Македонија стана земја каде што големите турски фирми одлучија да инвестираат. За една ипол деценија турските инвестиции во Македонија достигнаа 100 милиони САД долари. Секторите за телекомуникации, транспорт и енергијата се некои од полињата каде може да соработуваме, - сугерираше турскиот премиер. Премиерот Бучковски го пренесе интересот на Македонија не само за зголемување на извозот, туку и за поттикнување на повисоки облици на стопанска соработка, заеднички вложувања и директи инвестиции на турските компании.
Претседавачот на Собранието на Стопанската комора на Македонија, Сава Димитрова, пред двајцата премиери зборуваше токму за некои од факторите кои можат да влијаат на унапредување на трговската соработка, директните инвестиции и создавањето нови партнерства.
Ибрахим Чаглар, од името на турската бизнис-заедница, како сектори на висок потенцијал за соработка ги спомена земјоделството, текстилот, мермерот, прехранбената индустрија и индустријата за амбалажа, градежништвото и градежните материјали и туризмот. Пред претставниците на двете бизнис-заедници на Македонско-турскиот деловен совет, презентации направија Виктор Делов, директор на Агенцијата за странски инвестиции и Ракип Дочи, директор на Дирекцијата за слободни економски зони.

**ШВАЈЦАРИЈА ЈА ДЕФИНИРА НОВАТА ПРОГРАМА**
**ЗА ПОДДРШКА НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ НА МАКЕДОНИЈА, 20.6.2006**

Стопанската комора на Македонија ја посети господин Давид Елиот, консултант на Spriengfield Centre for Business Develepment, во име на Швајцарската канцеларија за соработка SDC/SECO. Целта на посетата и на разговорите е да се анализираат постојните проекти и активности со цел да се дефинира новата

програма во делот на економскиот развој, односно развојот на приватниот сектор. Гостинот беше запознаен со работата на Комората и нејзиното место во економскиот систем, како и со потребата на нашите членки за подршка на одредени развојни проекти во функција на подобрување на конкурентноста и извозните резултати.

## БИЗНИС-СРЕДБА МЕЃУ СТОПАНСТВЕНИЦИ ОД ОБЛАСТА ВАЛОНИЈА ВО БЕЛГИЈА И ОД МАКЕДОНИЈА, 22.6.2006

Агенцијата за странски инвестиции и извоз во Валонија со седиште во Софија - AWEX и Стопанската комора на Македонија организираа бизнис-средби меѓу стопанственици од областа Валонија во Белгија и Македонија. Целта на посетата на Делегацијата од Валонија беше да се испитаат можностите за соработка и инвестирање во Република Македонија.



Стопанската делегација од Валонија, предводена од Филип Суинен, генерален администратор на AWEX и генерален директор на Комисијата за меѓународни односи на француската заедница Валонија - Брисел и Секторот за меѓународни односи на регионот Валонија, ја прими и со неа разговараше м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија.

Во делегацијата беа белгиските фирми, заинтересирани за соработка со македонски компании во енергетскиот, ИТ-секторот, заштита на околината, градежништвото и инфраструктурата: "Delta Plus Engineering & Consulting Sprl", "Magotteaux Sa", "Micro Research", "T.D.Williamson Sa" i "SHER Injeneurs-Conseils S.A.". Тие остварија контакт со над 40-тина македонски фирми од соодветните области. Дел од нив беа и во посета на македонски компании во организизација на Стопанската комора на Македонија.
Филип Суинен пред 150 присутни претставници од ресорните министерства, професори од факултетите во РМ, високи претставници од странските институции во РМ, македонските фирми и претставници од другите бизнис-асоцијации во земјава, направи презентација на регионот на Валонија.

## ВЕБ-ПОРТАЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИАЈ НАГРАДЕН ЗА НАЈДОБРА АЛАТКА ЗА МЕЃУНАРОДНА ПРОМОЦИЈА НА ЕКОНОМИЈАТА НА КОМОРСКАТА АКАДЕМИЈА 2006, EL ESCORIAL, ШПАНИЈА, 20-25.6.2006

Во организација на Европската асоцијација на коморите, EUROCHAMBRES, во El Escorila, Шпанија, се одржа летната Коморска академија, каде што 48 учесници од 28 земји разменија искуства и стекнаа знаења за остварување на подобри вредности на коморскиот систем.
На Академијата беа презентирани и различни искуства на коморите во нивната презентација на економијата, со кои се` алатки се служат и колку се користи новата технологија во имплементирањето на коморските сервиси.
Веб-порталот на Стопанската комора на Македонија е избран за најдобар портал за промоција на меѓународната трговија со примена на ICT-технологијата, нудјеќи сервиси за членките и за потенцијалните корисници на порталот до останатите земји во светот.

## ПРВ МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ НА ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКИ КОМОРИ ОД ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, 8.9.2006

Во Приштина, под покровителство на Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија, а во организација на Косовската стопанска комора (ОАК) и Асоцијацијата за академски тренинг, се одржа Првиот меѓународен форум на трговско-индустриски комори од земјите од Југоисточна Европа.




На Форумот учествуваа претставници од стопанските комори на Косово, Хрватска, Босна и Херцеговина, Албанија, Македонија и Црна Гора.
Покрај претставниците на коморите на земјите од Југоисточна Европа присуствуваа и претставници на коморите од САД, Австрија и Германија, заменик-министерот за трговија и индустрија на Косово, министерот за земјоделство на Косово, Холандска канцеларија за врски во Приштина и околу 40-тина бизнисмени од Косово.

Целта на Форумот беше продлабочување на регионалната соработка на комориte и стопанствата на земјите од регионот, надминувајќи ги бариерите во протокот на луѓе, стока и идеи, со цел забрзан развој на регионот и побрзо приклучување во евроинтегративните процеси.
Делегацијата на Стопанската комора на Македонија беше предводена од генералниот секретар на Комората, м-р Јелисавета Георгиева. Генералниот секретар ја претстави Стопанската комора на Македонија, нејзиното значење и партнерската улога во релациите со македонската бизнис-заедница, а исто така ги претстави релациите, улогата и целите на Асоцијацината на балкански комори (АБЦ), со која во 2006 година Стопанската комора на Македонија е претседавач. Истовремено ја истакна потребата за регионалната соработка меѓу коморите со оглед на нивното значење во развојот на интра-регионалната економска соработка и за воспоставување на интегриран трговски пазар кој настојува да стене дел од европскиот и глобалниот светски пазар.
Делегација од овој Форум оствари работна средба со претседателот на Владата на Косово, Агим Чеху, на кој што му беа пренесени препораките од Форумот.

## МАКЕДОНСКО-СЛОВЕНЕЧКИ БИЗНИС-ФОРУМ, 8-9.9.2006



На 8 и 9 септември 2006 година во Охрид, по втор пат успешно заврши Македонско-словенечкиот бизнис-форум, во организација на Друштвото за словенечко-македонско пријателство и Стопанската комора на Македонија.
На Форумот присуствуваа околу 60 македонски компании кои имаа можност да остварат директни бизнис-средби со повеќе од 40 словенечки компании меѓу кои и познатите: Меркатор, Крас, Илирика, Телеком Словеније, Турбоинштитут, Рико, Први Фактор и многу други. Учесниците имаа можност да присуствуваат на презентации од предавачи од Република Словенија и Република Македонија за словенечките инвестиции во Македонија и за ЕУ-фондовите, како можност за подобрување на деловната соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија. Исто така, беа организирани билатерални средби меѓу македонските и словенечките компании.

## АСОЦИЈАЦИЈАТА НА ИЗВОЗНИЦИ - УЛУДАГ ВО ПОСЕТА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 14.9.2006



Генералниот секретар на Стопанската комора на Македонија, м-р Јелисавета Георгиева ја прими делегацијата од Република Турција предводена од генералниот директор на Потсекретаријатот за надворешна трговија во Владата на Република турција, Али Бога и генералниот секретар на Асоцијацијата на извозници - УЛУДАГ, Ибрахим Окур. На состанокот во Комората присуствуваа и претставници од Извозниот центар за промоција на Турција - ИГЕМЕ и од Амбасадата на Република Турција во Република Македонија.
Се разговараше за добрата соработка меѓу двете земји, како и за можностите за нејзино унапредување во наредниот период. Се потенцираше и значењето од поврзување на Стопанската комора со горенаведените институции од Република Турција, меѓу кои и заедничкото членство на ИГЕМЕ и Комората во Балканскиот центар за унапредување на трговијата - БЦТП и поволностите од тие членувања за фирмите-членки коишто ги обезбедува Стопанската комора на Македонија.
Турската делегација, составена од триесет и една фирма и седум асоцијации, учествуваше и на првиот Саем на турски извозни производи, кој се одржа на Скопски саем, од 15 до 16 септември. Компаниите го презентираат националното стопанство на Турција, од прехранбената, хемиската, машинската и текстилната индустрија, керамика и конфекција.

## 'ДЕН НА МАКЕДОНИЈА' ВО БАРИ, РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА, 11.9.2006

Балканот и соработката на Италија со Балканот беше носечката тема на меѓународниот саем Fiera del Levante кој се одржа во Бари. Во рамките на повеќедневниот Форум Балкан и ЕУ, се одржаа денови посветени на Македонија, Албанија и Црна Гора, сесија за коридорот VIII и средба на владините делегации на Србија, Црна Гора, Албанија, Бугарија и Република Македонија, со г. Масимо Далема, потпретседател на Владата на Република Италија и министер за надворешни работи.
“Денот на Македонија” го отвори г. Ники Вендола, претседателот на регионот Пуља, истакнувајќу дека Италија, поради геостратешки причини и економската близина, секогаш пројавувал интерес за земјите од исток, поточно за Балканот. Регионот Пуља е во процес да биде овластен од Италијанската влада за носител-координатор за соработка со Балканот на ниво на држава. Еден од приоритетите ќе биде

реализација на Коридорот VIII кој ќе влијае на модернизација на инфраструктурата, поттикнување на деловните активности, креирање на нови вработувања на Балканот, но и на југот од Италија. Културата и прехранбениот сектор се области во кои веднаш може да се отпочне со конкретна соработка, која ќе биде дефинирана во Договорот за соработка меѓу Регионот Пуља и Република Македонија.
Од страна на Република Македонија, свои промотивни излагања имаа г. Живко Јанкуловски, потпретседател на Владата и г-ѓа Лилјана Поповска во името на Парламентот на Република Македонија, г. Паоло Феручи, директор на Италијанскиот институт за надворешна трговија (ICE) - Канцеларија во Скопје. ICE им овозможи, на 10 македонски фирми билатерални средби со италијански фирми.
Претставникот на Стопанската комора на Македонија оствари контакти со Трговската комора за Исток од Бари од чија страна е понудена спогодба за соработка, како и со Асоцијацијата на индустријалците од Бари.

## МАКЕДОНСКО-НОРДИСКИ БИЗНИС-ФОРУМ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 22.9.2006

Македонија треба подготвено да ги пречека странските директни инвеститори во областа на шумарството и




дрвната индустрија, бидејќи за вложување во овој сектор во светот владее вистинска конјунктура, -ова го порачаа учесниците на специјализираниот Македонско-нордиски бизнис-форум во Стопанската комора на Македонија. На овој форум се собраа компании од Данска, Финска, но и фирми од САД, Нов Зеланд, Романија и Србија, сите заинтересирани за инвестирарање во овој сектор.
Претставникот на Европската банка за обнова и развој, Јухани Нуминен, потврди дека многу западноевропски компании се заинтересирани за инвестирање во овој сектор, особено во Југоисточна Европа. Причините за интересот на шумските сектори се "жедта" за суровини, бидејќи постојано се зголемува пазарот за нив.
Присутните странски компании изразија несомнен интерес за вложување во земјава и желба за пронаоѓање бизнис-партнер. Големо внимание предизвика претставникот на "Македонски шуми", Томе Пачевски, кој спомена дека во ова јавно претпријатие има можности за вложувања во примарното производство на дрва, лов и ловен туризам, пилани, откуп на шумски производи... На билатералните средби, кои продолжија по завршувањето на форумот се очекува конкретизирање на соработката меѓу странските и домашните компании.

## МАКЕДОНСКО-КОСОВСКА БИЗНИС-СРЕДБА ВО ПРИЗРЕН, 27.9.2006

Со цел интензивирање на соработката меѓу македонската и косовската бизнис-заедница, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, со група бизнисмени од Република Македонија, оствари работна посета и средба со претседателот на Стопанската комора на Косово, д-р Бесим Бечај. На средбата во Призрен беа прецизирани активностите и термините на заедничките активности за следниот период. Претседателите на двете комори се договорија, во рамките на иницијативата за соработка во Југоисточна Европа (СЕКИ), да иницираат средба на граничниот премин меѓу Македонија и Косово. Притоа, тие се согласија дека е потребно да се поддржат билатералните и мултилатералните проекти со кои се унапредуваат инфраструктурата и процедурите на граничните премини, а со цел директна поддршка на процесот за создавање бесцаринска трговска зона во регионот. Исто така, беше договорена заедничка средба на претседателите на Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Косово, Стопанската комора на Србија и Стопанската комора на Црна Гора околу транспортот на производите преку Косово за Црна Гора. Иницирана е возвратна посета на бизнис-делегација на Косово.

## МАКЕДОНСКО-ШПАНСКИ БИЗНИС-ФОРУМ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 5.10.2006



Интересот за рамена и инвестирање на шпанските компании во македонското стопанство е во пораст. Можноста за интензивирање на контактите меѓу двете бизнис-заедници е отворањето на шпанска амбасада во Скопје до крајот на 2006 или во почетокот на 2007 година.
Интересот кај шпанските компании за соработка, трговија и инвестирање во македонското стопанство е се` поголем. Ова е пораката на Карлос Тортола, економско аташе на Амбасадата на Кралството Шпанија во Софија,

која тој ја испрати до македонските компании на прво Македонско-шпански бизнис-форум во Скопје. Средбата меѓу деловните луѓе од двете земји беше во организација на Стопанската комора на Македонија и Трговската комора на Мадрид.
- Интересот и размената во последно време расте во просек по 30 отсто годишно. Минатата година двете земји истргуваа меѓусебно 50 милиони евра, додека во 2002 година обемот на надворешно-трговската размената беше 35 милиони евра, - истакна Карлос Тортола. - Ова е почеток на подолгорочна соработка, а шанса контактите меѓу двете бизнис-заедници да се интензивираат е отворањето шпанска амбасада во Скопје до крајот на 2006 или или во почетокот на 2007 година.
На средбата во Стопанската комора на Македонија беа присутни шпански фирми од областа на индустријата за бела техника, разладни уреди, електрични кабли, градежништво, телекомуникации, консултантски услуги во областа на инфраструктурни проекти и производител на рентген опрема, кои имаа бројни билатерални средби со македонските компании.

## ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА ВО ОБЛАСТА НА ОСИГУРУВАЊЕТО, 5-6.10.2006

Во организација на Здружението на осигурувањето при Стопанската комора на Македонија и Европската комисија од Брисел, како дел од Проектот TAIEX, во Скопје се одржа семинар на тема: Супервизија на предизвиците во Европската унија и барањата во осигурувањето.
На семинарот предавачи беа врвни стучни лица од областа на осигурувањето и реосигурувањето, Петер Баиер и Јорг Вилемс, од Федералниот орган за финансиска супервизија - БаФин од Германија, Аудриус Линартас од Комисијата за осигурување и супервизија на Република Литванија, Винсент Дамас, од Асоцијацијата на осигурување и супервизија на Франција (АСАМ) и Фрасис Фризон од Федералниот орган за осигурување и реосигурување на Франција.
Присуствуваа 40-тина членки на Здружението на осигурувањето при Комората и претставници од Мнистерството за финанасии на Република Македонија. Семинарот, како гости, го следеа и претставници на асоцијациите за осигурување од Австрија, Германија и од Албанија.
Беа обработени теми од областа на осигурувањето и реосигурувањето: Законодавството на Европската унија - рамка за осигурувањето на живот и неживотно осигурување; Директивата 2002/92/ЕК за осигурување; Директивата 2005/68/ЕК за реосигурување; Регулирање на надзорен орган; Методи коишто се применуваат од надзорниот орган за проценка на финансиската моќ на осигурителот; Искуствата на Германија и на Франција во супервизијата на осигурувањето и др.

## ПОТПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКАТА КОМОРА НА СОЛУН, ЈАНИС ВИРГИНИС, ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 19.10.2006



Заедничката долгогодишна институционална соработка меѓу Стопанската комора на Македонија, Трговско-индустриската комора на Солун и Федерацијата на индустријалците на Северна Грција, во последните години е видно намалена. Тоа се одразува и на обемот и квалитетот на билатералната соработка, особено кога се работи за малите и средни претпријатија.
Ова беше потенцирано на средбата со Јанис Вергилис, потпретседател на Трговско-индустриската комора на Солун и на Федерацијата на индустријалците на Северна Грција при посетата во рамките на неговиот престој во Скопје, како шеф на делегацијата на грчките стопанственици-излагачи на Меѓународниот саем ТЕХНОМА. Учеството на 25 грчки фирми на саемската манифестација во земјава беше во организација и со подршка на Трговско-индустриската комора на Солун.
Во разговорите беше истакнато дека на големите инвеститори и компании не им е потребна постојана подршка на коморите, но на малите и средни фирми, кои се основа на двете стопанства, стопанските асоцијации треба да им бидат појдовни информативни пунктови, места за квалификувана информација и логистичка поддршка, согласно пројавениот интерес.
Ревитализација на коридорот 10 е од особено значење на грчкото стопанство и за тековите на стоки кон ЕУ. Сегашниот транспорт за ЕУ, преку Јадранското Море, е поскап и со подолго траење. На укажувањата на проблемите со кои се сретнуваат деловните луѓе при добивањето визи, особено за неколкумесечното чекање за термин да се предаде документацијата, Јанис Вергилис нагласи дека деловната заедница во Грција е сосемо свесна за ситуацијата, бидејќи таа има бумеранг-ефект.

## МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКИ БИЗНИС-ФОРУМ ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 24.10.2006

Економски тим од Владата на Република Македонија, предводен од Веле Самак, министер без ресор задолжен за странски инвестиции и претставници од локалната самоуправа, во Стопанската комора на Македонија ги повикаа хрватските бизнисмени да вложуваат во земјава.

Пред гостите се презентираа неколку проекти како што се Коридорот 8, Нафтоводот "Амбо" и изградба на поголеми и мали  хидроцентарали, Слободната економска зона "Бунарџик", како и Индустриската зона во Велес.



- Либерализација на трговијата е  еден од стратешките столбови на стопанскиот развој на Македонија, - истакна м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија. - Во 2005 година  82 отсто  од стоките кои се предмет на надворешно-трговско работење се покриени со договори за слободна трговија. Во тие рамки,  90 отсто  од вкупниот извоз  и 72 отсто од увозот е реализиран во рамките на договорите за слободна трговија. Класичната трговија во соработката меѓу Македонија и Хрватска го достигнала плафонот. На ред се повисоки облици на соработка доколку се сака да се зголеми меѓусебната размена, на што се согласија и претседателот на Хрватска Стипе Месиќ и Македонскиот премиер Никола Груевски, како и претседателите на стопанските комори, Надан Видошевиќ и Бранко Азески.
Учесниците на Македонско-хрватскиот бизнис-форум присуствуваа на потпишувањето на три спогодби за регионална соработка. Регионалните комори на Кочани и Виница, Прилеп и Тетово ја официјализираа соработката со жупаниските (регионални) комори на Вараждин, Пула и Сисак.

## ОДРЖАН БУГАРСКИ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО СОФИЈА, 2.11.2006

Бугарскиот економскиот форум за Југоисточна Европа, посветен на економски димензии на ЕУ-перспективите и интеграцијата, се оджа на 31 октомври и 1 ноември 2006 година во Софија. Покрај панелите за телекомуникации, недвижности и темата "Југоисточна Европа - глобален енергетски пазар", на 1 ноември се одржа и панел-дискусија посветена на улогата на коморите во проширувањето на Европа. Претседателите на Бугарската трговско-индустриска комора и на Унијата на грчките комори, генералните секретари на романската и полската комора, претставникот на Унијата на италијанските комори во Брисел и директорот за меѓународни односи на Eurochambres, ги пренесоа и ги презентираа искуствата, согледувањата и улогата на коморското функционирање во претпристапниот процес на ЕУ-интегрирањето и по влезот во ЕУ.
Беше нагласено дека во Европската унија без мислењето и ставот на Eurochambres не се решаваат и не се регулираат прашањата од областа на економијата. Eurochambres, со 1788 комори-членки, кои застапуваат 19.800.000 компании од 45 европски земји, има моќ на влијание не само во европските, туку веќе и во глобални рамки. Согласно Мислењето на Европскиот парламент, коморите се вистинските посредници меѓу ЕУ и националните претприемачи. Тие се авангарда која е локомотива на економиите.

## ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА АСОЦИЈАЦИЈАТА НА БАЛКАНСКИТЕ КОМОРИ (АБК), 20.11.2006




Стопанската комора на Македонија, како претседавач со Асоцијацијата на балканските комори - АБК, беше домаќин на Генералното собрание на АБК. Претседателите на трговско-индустриските комори и униите на коморите на земјите-членки на АБК, од Албанија, Бугарија, БиХ,  Грција, Кипар, Романија, Србија, Црна Гора и од Турција, во оваа прилика, своето внимание го насочија кон темата: "Поддршка на коморите на интрарегионалната трговија и создавање единствен трговски простор во Југоисточна Европа", во контекст на имплементацијата на единствениот регионален договор за слободна трговија - проширена ЦЕФТА и регионалната соработка како дел од процесот на ЕУ-интеграција. Денес, после една деценија, коморите-членки на АБК, со нескриено задоволство и активен ангажман ги следат и ги подржуваат процесите на создавање на зона на слободна трговија во регионот, под закрила на Пактот за стабилност и ЕУ, што беше и стратешка цел на Асоцијацијата, - истакна Бранко Азески.
Податоците за регионалната трговска размена покажуваат пораст. Вкупната интрарегионална трговија се

движи над 40 милијарди американски долари, без Република Хрватска и Молдова. Најголемо процентуално учество на интрарегионалната трговија во надворешно-трговската размена на земјата бележи Македонија. Асоцијацијата на балканските комори се става во функција на поддршка во примената на единствениот договор за слободна трговија во Југоисточна Европа (ЦЕФТА), со којшто целосно ќе се либерализира трговијата и ќе се овозможи интегрирање на стопанските активности на ниво на регионот. Тоа ќе создаде услови за засилен економски развој, за зголемување на директните инвестиции, на бројот на потрошувачи, на извозот и вработеноста, а ќе се овозможи и унапредување на индустриите во регионот, беше пораката испратена од Тркалезната маса.

## СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ХОЛАНДИЈА ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 16.11.2006



Претставници на Стопанската комора на Холандија и Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија се сретнаа со претставници од Стопанската комора на Македонија. На средбата беше разговарано за можната заедничка соработка меѓу двете комори. Целта е подобрување на бизнис-релациите меѓу Македонија и Холандија.

Преку размена на позитивни искуства и предложување на конкретни решенија и двете комори се потрудија да пронајдат заеднички пристап за поактивна промоција на македонското стопанство на холандските бизнисмени и отворање на нови можности за деловна соработка меѓу холандската и македонската бизнис-заедница. Во иднина и соработката со Амбасадата на Кралството Холандија во Македонија и Стопанската комора на Македонија ќе биде на повисоко ниво, со цел да се овозможи подобар сервис на холандските бизнисмени во Македонија, како и привлекување на поголем број нови инвеститори од Холандија.

## ХОЛДИНГ-КОМПАНИЈАТА "АВТОКРАЗ" ОД КРЕМЕНЧУК, УКРАИНА, ВО ПОСЕТА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 17.11.2006

Македонско-Украинската стопанска комора во соработка со Амбасадата на Украина во Скопје работи во реализација на неколку проекти. Еден од тие проекти е привлекувањето на "АвтоКраз" - Кременчук од Украина за соработка и инвестирање во Република Македонија.

Претставници на Комората одржаа средба и разговор со раководните луѓе на холдинг-компанијата, предводени од генералниот директор, Владимир Хоџеј и комерцијалниот директор, Елена Кучмиј.

На средбата беа разменети мислења за можностите и условите за продолжување на веќе, од поодамна, започнатата стопанската соработка на една од најголемите украински компании за производство на превозни средства со стопански субјекти од Република Македонија, како во делот на пласирање на своите производи, кака и во производство (монтажа) на нивните производи во погони во Република Македонија.

## БИЗНИС-СРЕДБА НА ХЕМИСКИТЕ ИНДУСТРИИ ОД МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА, 6.11.2006

Согласно Програмата на Македонско-српскиот деловен совет за 2006 година, а во функција на унапредување и поттикнување на непосредната стопанска соработка во областа на хемиската индустрија меѓу Република Македонија и Република Србија, на 6 декември 2006 година во Стопанската комора на Македонија се одржа бизнис- средба на стопанствениците-членки на здруженијата на хемиска индустрија при Стопанската комора на Македонија и Стопанската комора на Србија.

На средбата учествуваа македонски и српски компании-производители на бои, козметички производи и средства за перење, производители на пластични цевки, на вештачки ѓубриња, санитарна керамика и плочки, производители на стакло, фирми од областа на индустријата на гума и од областа на фармацевтската индустрија, со посебен акцент на актуелните проблеми во прометот со лекови.

## РАБОТНА СРЕДБА НА МАКПРО И БУЛПРО НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ДЕВЕ БАИР, 28.11.2006

Со влегувањето на Република Бугарија во Европската унија од 1 јануари 2007 година граничните процедури со нашата земја нема да претрпат некои позначајни измени, туку ќе добијат на квалитет. Македонските бизнисмени, во рамките на визниот режим што го воведува Бугарија, ќе добиваат бесплатни повеќекратни деловни визи, со поддршка - гаранција на двете комори, а веќе се отпочнати и разговори граничните процедури да се вршат заеднички, што треба да го олесни протокот на стоки и луѓе и да ги намали сегашните трошоци за премин на границата.

Ова беше нагласено на работната средба на граничниот премин Деви Баир што ја одржаа претставниците на МАКПРО и БУЛПРО, а која се организираше во рамките на билатералните активности на СЕКИ-прокомитетите и проектот "Олеснување на трговијата и транспортот во Југоисточна Европа. На средбата присуствуваа Красимир Дачев, претседател на БУЛПРО и заменик-претседател на бугарската Трговско-индустриска комора, м-р Јелисавета Георгиева, генерален секретар на Стопанската комора на Македонија,

како и претставници од амбасадите, царината, граничната полиција, ветеринарните и фитосанитарните инспекции, и други органи од двете земји кои се поврзани со работата на граничниот премин Деви Баир - Ѓувешево.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА АНКАРСКАТА СТОКОВНА БЕРЗА И БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ СО ТУРСКИТЕ ФИРМИ-ЧЛЕНКИ НА БЕРЗАТА, 12.12.2006

Во рамките на меѓукоморската соработка на Стопанската комора на Македонија и Унијата на турските трговски, индустриски, поморски комори и стоковни берзи (ТОББ), а со цел унапредување на пазарните институции во аграрниот сектор, во Стопанската комора на Македонија се презентираше Анкарската агро-берза. Членови на турската делегација беа г-дин Фаик Јавуз, претседател на Анкарската стоковна берза и потпретседател на ТОББ, Ејуп Шенол Емеролу, заменик-државен потсекретар на Министерството за индустрија и трговија на Република Турција, г-дин Ерол Гемалмаз, претседател на  Собранието на Анкарската стоковна берза, г-дин Сабри Хемдил, генерален секретар на Анкарската стоковна берза и г-дин Мустафа Акај, експерт. Во делегацијата учествуваат и 22 члена на Управниот одбор на Берзата, бизнисмени од аграрниот сектор (зеленчук, месо, сурови кожи, мешункасти производи, жив добиток, растителни масла, зрнести производи, производи на мелничката индустрија, јајца, пилиња, крма, суровини за текстил). Директорот на Агро-берзата на Република Македонија имаше можност да го презентира проектот за заживување на македонската агро-берза. Претставниците на Анкарската стокова берза, на 13 декември 2006 година беа гости на Регионалната комора Битола и  имаа можност да остварат контакти со битолското стопанство.



# ЗА ЧЛЕНКИТЕ

**ИНФРАСТРУКТУРНИ ЗАФАТИ ПОВЛЕКУВААТ РАЗВОЈ**
**РЕГИОНАЛНА КОМОРА СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА, 24.01.2006**

Управниот одбор на Регионалната комора во Битола, со присуство и на градоначалниците на општините: Битола, Ресен, Демир Хисар, Новаци и Могила, расправаше за одредување приоритети во економскиот развој на регионот. Договорени се следните приоритети во економскиот развој:

1. Изградба на регионален автопат Струга-Охрид-Ресен -Битола-Прилеп-Велес.
2. Модернизација на железничката пруга Битола-Скопје.
3. Поврзување на регионот со гасоводниот систем во Република Македонија.
4. Продолжување со развојот на енергетскиот систем преку развојот на РЕК "Битола" и рудниците за јаглен, но и со продолжување на истражувањата за нови наоѓалишта.
5. Изработка на просторен план за поширокиот регион.
6. Поттикнување на развојот на земјоделието, сточарството, овоштарството и преработка на храна како стратешки гранки во развојот на ова подрачје.
7. Стратегија за развој на туризмот.
8. Проект за економско активирање на Мариово.
9. Изградба на карго-аеродром.

**ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА**
**ПОМАЛИ ПРИНОСИ, ПОТОА ПОВИСОКА ПЛАТА 2.02.2006**

Здружението на текстилната индустрија и конфекцијата расправаше по текстот на Општиот колективен договор на стопанството. Притоа, се изнесоа и клучните проблеми во овој сектор, членовите истакнаа дека поради влошената материјално-финансиската положба имаат побарано излезни решенија, пред се`, во намалувањето на зафаќањата по основ на придонеси и даноци од плати.

**ОРАНЖЕРИСКО ПРОИЗВОДСТВО МАЗУТОТ ГИ 'ЗАМРЗНУВА'**
**ДОМАТИТЕ И КРАСТАВИЦИТЕ, 3.02.2006**

Мазутот е сериозна закана за "замрзнување" на македонските оранжерии! Високата цена на овој енергенс веќе стана сериозен лимитирачки фактор не само за зголемување, туку и за самото одржување на раноградинарското производство во земјава. Меѓу двете реколти, односно во однос на јануари ланската година, цената на мазутот скокнала дури за 77 отсто (12,74 ден/литар на 22.01.2005 година наспроти 22,55 ден/литар на 22.01.2006). Членовите на Групацијата за оранжериско производство на седницата во Стопанската комора на Македонија, предупредија дека цените на странските пазари се непроменети и дека тоа го доведува во прашање опстојувањето на ова производство, а со тоа и исплатливоста на извозот.

**ЗАКОН ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗОТ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА**
**НОВИ ЗАКОНИ И ПРОПИСИ, 7.02.2006**

Стопанската комора на Македонија во соработка со Министерството за економија и Царинската управа на Република Македонија организираше презентација на Законот и подзаконските акти со кои се регулира извозот на стоки и технологии со двојна употреба, со цел компаниите да се запознаат со начинот и постапката на добивање на дозволи за извоз на стоки и технологии кои можат да се користат за цивилни и воени цели.

**ФОРМИРАН СОВЕТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 15.02.2006**



Настојувајќи во рамките на Стопанската комора на Македонија да се создаде амбиент во кој ќе можат уште поуспешно да се реализираат интересите, иницијативите, залагањата на членките, во однос на државните органи и институции, законите, механизмите и мерките на стопанскиот систем, економската политика итн., претседателот на Комората, Бранко Азески, формираше Совет на Стопанската комора на Македонија.
Советот има консултативно-советодавна функција за потребите на органите и телата на Комората, а за негови членови се определуваат истакнати стопанственици и лица вклучени во креирањето на активностите на коморската организација и пазарниот амбиент во државата.

Триесетината еминентни стопанственици, економски теоретичари, бивши претседатели на Владата на РМ и министри, главно во економските ресори, покажаа дека се живо заинтересирани за состојбите во македонската економија и можат да понудат интересни размислувања за причините, но и за последиците на определени појави, текови, процеси.
Советот се заложи за ефикасно решавање на проблемите во стопанството за кои Комората веќе има утврдено свои ставови и заклучоци кои досега не се реализирани како, на пример, за проблемот на внатрешната задолженост на кој потсети и претседавачот на Собранието, Савка Димитрова и побара доследно почитување на Законот за платен промет. Додека, пак, Џевдет Хајредини, бившиот министер за економија, укажа дека неверојатно е колку сите настојуваат да ја задолжат државата, а таа нема квалитетна евиденција за тоа, па се формира уште еден извор за долгорочни проблеми.
Советот укажа на обврската за започнување со подготовка на стратегијата за развој на текстилната индустрија во услови на притисок на конкуренцијата од Далечниот Исток, посочи директорот на „Тетекс„, Григорие Гоговски.
Слична претпазливост е веројатно потребна и во примената на Националната програма за реструктуирање и конверзија на челичната индустрија; во подготовка на стратегии и политики за стандардизација, акредитација и метрологија и друго.
Од друга страна, пак, со преземање интервентни мерки за ублажување на негативните ефекти од порастот на цените на нафтата и на нафтените деривати, што исто така ги побара Советот, како и регулирање на побарувањата на градежните фирми од општините и од други државни органи за досега извршени градежни работи, се придонесува за зајакнување на конкурентноста на фирмите. Тоа во земјоделството може да се постигне со субвенционирање на примарното земјоделско производство со утврдено ниво на продуктивност, на што во својата дискусија особено инсистираше директорот на Битолска млекара, Живко Радевски.
Стопанската комора на Македонија ја поддржува иницијативата за подготовка на единствен договор за слободна трговија за земјите на Западен Балкан. Академик Никола Кљусев иницијативата ја нарече природен процес во кој треба да се изврши нивелација на прописите за да се овозможи конкурентен настап на сите актери на пазарот.
И во оваа прилика беше изразена поддршка на мерките за подобрување на бизнис-климата и искористување на ресурсите, на што потсети Драги Арсов.
Во однос на спречување на корупцијата Комората не е задоволна од динамиката на активностите што ги презема Владата за дерегулација и намалување на дискреционите права на надлежните органи во процесот на нивна дистрибуција на корисниците. На пример, во случајот со даночната евазија, на што потсети Бекир Жута.

**СОБРАНИЕ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 17.02.2006**

Во хотелот "Холидеј Ин" во Скопје се одржа свечена седница на Собранието на Стопанската комора на Македонија, посветена на 84 години коморско организирање во Македонија и Денот на Комората - 18 Февруари.



Во таа прилика, на над 200 присутни стопанственици и други гости, меѓу кои амбасадорот на Европската унија во Македонија, Ерван Фуере, други претставници на дипломатскиот кор, министри, политичари, академици и други гости, им се обратија претседателот на Владата на Република Македонија, д-р Владо Бучковски и претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески.



Во работниот дел на седницата на Собранието, што се одржа во продолжение по свечениот дел, врз точките на дневниот ред се осврна претседателот на Комората, а присутните стопанственици му искажаа целосна поддршка за вкупните зафати што се преземени во трансформацијата на најстарата и најбројната стопанската асоцијација во земјава.

**ПОТПИШАН ПРОТОКОЛ ЗА СОРАБОТА МЕЃУ КОМОРАТА И УПРАВАТА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ, 17.02.2006**

Со цел да излезе во пресрет на потребите на своите членки за прашањата од сферата на даночната политика и практика, Стопанската комора на Македонија потпиша Протокол за соработка со Управата за јавни приходи. Се очекува нашите членки на овој начин поуспешно да ги решаваат практичните проблеми на кои наидуваат во спроведувањето на законите од даночната политика.



**ПРОМЕТ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ**
**НОВИ ТЕХНОЛОГИИ - СТАРИ ПРАВИЛНИЦИ, 28.02.2006**

Управниот одбор на Групацијата за промет на моторни возила и резервни делови ја разгледа предлог-иницијативата за измени и дополнувања на Законот за заштита на потрошувачите. За неа требаше да се произнесе до крајот на месец март.

Членовите истакнаа дека од особена важност е покренување иницијатива за измена на Правилникот за димензиите, вкупните маси и основното оптоварување на возилата и за основните услови кои мораат да ги исполнуваат уредите и опременоста на возилата во сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ„ 50/1982). Правилникот не одговара на новата технологија на производство на возилата и затоа се потребни негови измени.

**ФОРМИРАНА НОВА ГРУПАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА МЕА**
**ЗАЕДНИЧКИ НАСТАП ЗА ПОГОЛЕМ УСПЕХ, 7.3.2006**

Македонската енергетска асоцијација МЕА ја формира својата шеста Групација за проектирање, производство и монтажа на енергетски објекти. На основачката седница беа усвоени правила за работа и начинот на функционирање, а беше потпишан Договор за заеднички настап. За претседател на Групацијата е избран Аце Антевски, директор на „Раде Кончар - Сервис„. "Работиме скоро цела година за обединување на фирмите од оваа дејност во рамките на Групација", вели г. Антевски. "Целта е да можат заеднички здружено да настапуваат со монтажа на електро и машинска опрема во енергетскиот систем на Македонија и енергетските системи во Бугарија, Грција, Албанија, Италија итн.

**ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОЧНИ ПОСТАПКИ**
**ГЕРМАНСКИ ДАНОЧНИ ЕКСПЕРТИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА УЈП ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 8.3.2006**

Новиот Закон за даночни постапки започнува да се применува од 1 април 2006 година. Стопанската комора на Македонија, во рамките на партнерскиот однос со Управата за јавни приходи, е подготвена да пружи целосна логистичка поддршка со едукација на своите членки заради остварување на целите на овој закон. Ова го нагласи Ацо Спасовски на состанокот во Комората со експертите од ГТЗ (Германска техничка соработка) и претставниците на УЈП на кој се разговараше за имплементација на овој законски проект.

За прв пат се воведуваат европски правила по кои Управата за јавни приходи во иднина ќе делува, - истакна Фарук Омери, заменик-генерален директор на УЈП. - Веќе е формирана даночна дирекција за 100 најголеми даночни обврзници и промовирана заедно со Комората.

Целта на Законот е да се постигне баланс меѓу даночните обврзници и потребите на државата, - порача Михаел Волф, претседател на Даночниот суд од Минхен, воедно понудувајќи контакт меѓу тамошната Комора на даночните советници и Стопанската комора на Македонија.

**ПРОДУКЦИЈАТА, МАРКЕТИНГОТ И МЕДИУМИТЕ**
**ПРОТОКОЛ ЗА ДЕЛОВНА СОРАБОТКА СО АГЕНЦИЈАТА ЗА ИНФОРМАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 9.3.2006**

Здружението на продукцијата, маркетингот и медиумите - ПроМаркМедиа во рамките на Стопанската комора на Македонија и Агенцијата за информации на Република Македонија, во Комората потпишаа Протокол за деловна соработка.

Со Протоколот се воспоставува деловна соработка во областа на реализација на заеднички проекти, врз основа на професионалност и стручност. На овој начин се очекува да дојде до реализирање на квалитетни проекти.

**ДОДЕЛЕНИ ПЛАКЕТИ ЗА НАЈДОБАРИ БРОКЕРСКИ ДРУШТВА И НАЈДОБРИ БРОКЕРИ ЗА 2005 ГОДИНА, 10.3.2006**

По повод 10-годишнината од основањето на Македонската берза на хартии од вредност, Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија, на свеченоста што ја

организираше Македонската берза на хартии од вредност им додели плакети на трите најдобри брокерски друштва во 2005 година врз основа вкупниот број на реализирани трансакции во 2005 година на Македонската берза, како и плакети за тројцата најдобри брокери врз основа на бројот на релизирани трансакции на редовното тргување во 2005 година.

**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ГАРАНТНИОТ ФОНД ПРИ МБПР ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**МАЛИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ КОНЕЧНО ДО ПОКРУПНИ КРЕДИТИ, 14.3.2006**




- Создавањето на гарантниот фонд е една од мерките за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија која Владата ја зацрта во економската програма промовирана минатата година. Идејата произлезе од огромното значење што го има микро-секторот во креирањето нови работни места и во зголемувањето на квантитетот и квалитетот на стоки и услуги, како на домашниот, така и на странските пазари. Се смета дека Гарантниот фонд ќе ги охрабри и деловните банки во понудата на такви долгорочни кредити за поддршка на постојните, како и за кредитирање на свежи бизнис-идеи на идните претприемачи. Ова го истакна д-р Владо Бучковски, претседател на Владата на Република Македонија на презентацијата на Гарантниот фонд.
Презентацијата ја организираа Македонската банка за поддршка на развојот, во чии рамки ќе делува Фондот и Стопанската комора на Македонија. На неа присуствуваа и потпретседателот на Владата, Минчо Јорданов, претседателот на Комората, Бранко Азески, директорот на МБПР, Воислав Бислимовски и стотина членки на најстарата и најбројната бизнис-асоцијација во земјава, претежно претставници на малите и средни трговски друштва.
Претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, верува дека отпочнувањето со работа на овој фонд ќе има свое влијание врз зголемување на можностите за реализација на потребите на стопанствениците, особено на младите претприемачи.
-Комората ги поддржува сите активности и иницијативи кои значат помош и поддршка на фирмите-членки, - порача Бранко Азески.

**ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ФОРМИРАН СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ, 15.3.2006**




За претседател е избран Атила Сендреи, првиот човек на "Македонски телекомуникации"
Странските бизнисмени треба заеднички да се залагаат за намалување на даночните и царинските давачки, за поедноставување на административните процедури и за брзи реформи во катастарот заради докажување на сопственичките права.Со остварување на овие задачи ќе дојде до подобрување на состојбите во економијата и ќе ја доближи Македонија до Европската унија, - ова беше една од првите пораки што новоформираниот Совет на странски инвеститори при Стопанската комора на Македонија им го испрати на Владата и на креаторите на економската политика во земјата.
Токму овие ги отсликуваат и основните цели на ова ново тело во стопанската асоцијација.Според првиот човек на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, странските инвеститори во земјава преку Советот ќе можат да ги искажуваат сите забелешки и проблеми што ги имаат, а нивните предлози ќе се дистрибуираат до извршната власт што треба да интервенира во законската регулатива за полесно да се води бизнис во земјава..

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО ПОДДРШКА НА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО, 16.3.2006**
Во Собранието на Република Македонија се одржа Трибина на тема: „Доживотно учење-предизвик и потреба на жените во Република Македонија”.
Оваа трибина која беше модерирана од Координаторот на Клубот на жени-парламентарки во Собранието на РМ, Благородна Мингова Крепиева, имаше за цел да се согледаат работите во насока на тоа што е досега направено и што ќе се прави од инволвираните институции на ова поле. Беше потенцирано дека од исклучителна важност е придонесот кој го дава Стопанската комора на Македонија, како социјален партнер во овој процес, а активностите што го презема се доволен показател дека Комората како заштитник и

репрезент на бизнис-заедницата, се залага за застапување на интересите на своите членки без разлика на половата припадност.
Целиот придонес што го дава Комората за максимално промовирање на женското претприемништво, постепено се реализира преку секојдневните свои активности, а набргу сето тоа ќе биде и реализирано со официјалното отворање на Центарот за женско пррприемништво при Стопанската комора на Македонија. Исто така, тука се надоврзува и Центарот за едукација при Стопанската комора на Македонија, кој своите активности ќе ги диверзифицира и преку своите регионални канцеларии на цела територија на РМ. И во рамките на Асоцијацијата на европските комори, одлично функционира Eurochambres Women Network.
Иницијативата за формирање на ваков центар во рамките на Стопанската комора на Македонија произлегува од повеќе причини.
- стимулација за самовработување на жените;
- зголемено учество на жените како менаџери и сопственици на малите и средни претпријатија;
- унапредување на работењето на малите и средни претпријатија кои се во сопственост на жените;
- сртучно оспособување и унапредување на знаењето на жените;
- создавање мрежа на женски претприемачи во регионот и пошироко и поврзување со слични такви мрежи;
- промовирање на поволен имиџ на жените во бизнисот;
- промовирање на полова еднаквост и на еднакви можности во стопанството;
- зголемување на учеството на жените во процесот на економското одлучување.

## ПРОМЕТ НА МАШИНИ И АЛАТИ
## МАКЕДОНИЈА ПРЕПЛАВЕНА СО МАШИНСКИ ОТПАД ОД ЕВРОПСКИТЕ ЗЕМЈИ, 22.3.2006



Групацијата на прометот на машини и алати во Стопанската комора на Македонија предлага да се направи ревизија на сите увезени земјоделски и градежни машини во 2005 година. Овој предлог на Групацијата беше поткрепен со низа бројки и факти изнесени на седницата, а кои во крајна линија зборуваат дека од разно-разни причини Македонија се` повеќе станува земја во која се донесува машинскиот отпад од европските земји.
Од тие причини членовите на Групацијата се договорија да стапат со слична Групација во Словенија и да испитаат каква е состојбата во таа земја на ова поле и аргументирано да настапат со свое барање пред надлежните државни органи кои се обврзани да водат грижа за еднобразување на прописите со оние на Европската унија

## ПРЕС-КОНФЕРЕНЦИЈА НА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗНИЦИТЕ 4.4.2006



Групацијата смета дека хаосот во такси-превозот во главниот град на земјава не се рашава со штрајкови, туку со почитување на законите, правилниците и одлуките од оваа област. Членките на оваа Групација сметаат дека токму неконтролираното издавање на лиценци за такси-превозници без радио-станици од страна на веќе деградираните чиновници на градскиот сектор за сообраќај, спротивно на постојните прописи, е причината за крајно лошата состојба во која се најде такси-превозот во Скопје. Ова беше соопштено на конференцијата за печат што се одржа во Стопанската комора на Македонија по повод најавениот штрајк од страна на Самостојниот синдикат на такси-превозниците.
Инаку, според податоците на коморската групација, многу поголеми градови може да позавидат на фрекфренцијата во такси-превозот што се одвива во Скопје.

## СРЕДБА СО СТОПАНСТВЕНИЦИ ВО РЕГИОНАЛНАТА КОМОРА
## СО СЕДИШТЕ ВО БИТОЛА, 11.4.2006

Во просториите на Стопанската комора на Македонија - Регионална комора Битола се одржаа консултации за работењето на Гарантниот фонд во рамките на Македонската банка за поддршка на развојот, користењето на БАС-програмата, Системот на квалитет ИСО Стандарди и за услугите што ги нуди Стопаската комора на Македонија. На консултациите присуствуваа 10-тина помали фирми од регионот меѓу кои се "Реприм", "Тенико" АПП, "Бипласт", "Интершпед", "Еуролим", "Енигма", "Родон", "Пела Роса"- "Макминерал", "Трикотажа-Пелистер" и "Квасара".
Стопанствениците покажаа интерес за почести средби од ваков вид и сметаат дека е добро да има ваква канцеларија каде што ќе може почесто меѓусебно да се сретнуваат за да може заеднички да настапуваат

пред надлежните интитуции и органи во остварувања на своите барања од заеднички интерес. Заинтересирани беа за воведување на ИСО во своите фирми и побараа информации за документите за кои е овластена Комората. Исто така, многу млади менаџери се интересираа за понудите и услугите што ги нуди Комората.

## СРЕДБА НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА СО ПАРТИСКИОТ ВРВ НА ВМРО-ДПМНЕ, 26.4.2006



На покана на стопанствениците-членки на најбројната и најстарата бизнис-асоцијација во земјава, а по иницијатива на нејзиниот претседател Бранко Азески, во Стопанската комора на Македонија се оствари средба со лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски и дел од неговиот партиски тим. Во конструктивни разговори стопанствениците ги изнесоа барањата што ги имаат кон претендентите на политичката власт, а партиските челници од ВМРО-ДПМНЕ ги презентираа контурите на нивната економска програма и ги ислушаа мислењата и сугестиите од репрезентативната бизнис-заедница.



-Подготовката на нашата економска програма е во завршна фаза и за да ја обезбедиме нејзината реалност ги оствaруваме консултациите со бизнисот, а следат и со синдикатот, - потенцираше Никола Груевски. - Најважно за земјава е развојот на економијата. Без производство, зголемување на профитот на компаниите и без нови инвестиции земјава не може да тргне напред. Задоволни сме од разговорите и по многу од економските прашања имаме идентични мислења со стопанствениците. Барањата на бизнис-заедницата Бранко Азески ги формулира во четри точки. Првенствено се инсистира на безусловна реформа на државната администрација "сега и веднаш". Следна итна реформа е онаа на судскиот систем.

## КОМОРАТА ИНСИСТИРА НА НИВО НА ИНВЕСТИЦИИ КАКО ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЕУ "САМИТ ЗА БИЗНИС И ИНВЕСТИЦИИ" ВО СКОПЈЕ, 27-28.4.2006



"Нивото на странски инвестиции во Македонија не е на задоволително ниво во споредба со соседните земји. Комората би сакала нивото на инвестиции да се доближи до нивото на инвестициите во земјите од ЕУ. Состојбата ќе се промени со подобрување на законодавството, зголемување на даночните олеснувања и поголемо владеење на правото. ".
Ова го порача Атила Сендреи, потпретседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија и претседател на Советот на странски инвеститори, инаку извршен директор на "Македонски телекомуникации" на дводневниот "Самит за бизнис и инвестиции". Овој репрезентативен собир, на чие отворање присуствуваше Бранко Азески со своите соработници, се одржа во организација на Европската финансиска конвенција во соработка со Стопанската комора на Македонија и "Макинвест". На него, челните луѓе од државната администрација, политиката, бизнисот и значајните домашни институци, како и банките, ја оценуваа бизнис-климата и дебатираа за привлекување на странските инвестиции во земјава..



"Македонските власти постојано преземаат активности за зголемување на нивото на инвестиици во државава кои се пак од големо значење за патот на Македонија во европското семејство", истакна вицепремиерката Радмила Шекеринска. Според неа, странските инвеститори треба да ја искористат можноста и да инвестираат во Македонија со сегашните бенифиции кои се нудат пред таа да стане дел од европскиот пазар. Вицепремиерката Шекеринска оцени дека Македонија нуди добри услови за инвестирање.

### ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА, 5.4.2006

Здружението на банкарството покрена иницијатива за измена на Законот за данокот на добивка во делот на издвојувањето посебна резерва за обезбедување на потенцијалните загуби со која се предлага издвојувањата во резерви за обезбедување од потенцијалните загуби кај банките и штедилниците целосно да бидат изземени од оданочување и истите да бидат третирани како во земјите-членки на Европската унија, согласно нивните фактички карактеристики како трошок, а не како добивка за финансиските организации.

Според постојната регулатива, даночната основа на обврзникот - банка и штедилница, се намалува најмногу до 75% од извршените резервирања, со што 25 % од износот на издвоените резервации за потенцијалните загуби на банките се вклучува во даночната основа при пресметка на данокот на добивка.

### ПРОМЕТ НА ТЕКСТИЛНИ ПРОИЗВОДИ
### 'СОЦИЈАЛНИТЕ' СЛУЧАИ ЈА ЗГОЛЕМУВААТ “СИВАТА ЕКОНОМИЈА”, 3.4.2006

Преку 70% од економијата во земјава функционира на „црно„. Вредносно тоа значи дека околу 2 милијарди евра годишно во Република Македонија се надвор од легалните канали и не се плаќат никакви давачки. Ова го истакна Миле Атанасов, претседател на Групацијата за промет на текстилни производи во Стопанската комора на Македонија, на седницата на која се водеше расправа за лажното брендирање, „сивата економија„ и нелојалната конкуренција во трговијата со текстил.

Членките формулираа предлози за решавање или подобрување на работењето на трговците со текстилни производи.

### ФОРМИРАНА НОВА ГРУПАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА МЕА, 31.3.2006




Во рамките на оперативно организирање на Македонската асоцијација на металите, конституирана е Групација на црната, обоената металургија и леарниците. На Конститутивната седница за претседател е избран преставникот на "Макстил"- Митко Кочовски, а беа усвоени и Правилата за организација и начин на работа на Групацијата, како и Програмата за работа.

Основни цели и задачи на Групацијата се:

- дефинирање на развојното значење на овие индуструски гранки и конципирање национална стратегија на нивното структурно прилагодување (обврски по Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ);
- преиспитување на постојната легислатива;
- обезбедување информации за приликите на околните пазари;
- снабденоста на основните производни импути;
- прашањето на енергијата;
- транспортот;
- едукација и подигање на степенот на конкурентноста;
- други прашања од комплексот на металите во земјата.

### ПРОМОЦИЈА НА ТРИ НОВИ ПУБЛИКАЦИИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, 4.6.2006




Стопанската комора на Македонија и Дирекцијата за храна при Министерството за здраство на Република Македонија, вклучувајки се во одбележувањето на Светскиот ден на здравјето - 7 април, организираа промоција на три нови публикации наменети за прехранбената индустрија.

Пред многубројните посетители беа промовирани Упатството за основната хигиена на храната во угостителството, Упатството за практикување на правилна хигиена во прехранбената индустрија и Упатството за имплементација на HACCP систем во прехранбениот сектор.

Автори на новите публикации-упатства, изработени од страна на Дирекцијата за храна при Министерството за здраство, се д-р Соња Србиновска и д-р Владимир Кендровски.

**ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА И КОНФЕКЦИЈА**
**ПРОБЛЕМИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА АКТУЕЛНИТЕ ПРОПИСИ, 10.04.2006**

Текстилците инсистираат на отстранување на одредени нелогичности кои постојат во новиот Царински



закон, Упатството за негова примена и Законот за додадена вредности, што дополнително им го оптоварува тековното работење, ја намалува конкурентноста и го доведува во прашањето опстанокот на голем број трговски друштва од оваа гранка. Членките на ова Здружение на седницата во Комората усвоија десетина барања за измени во постоеките царински и даночни прописи и ги препратија на расправа пред Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија, после чија "заверка" предлагаат да одат заедно со првиот човек на најстарата и најбројната стопанска асоцијација на разговори кај министерот за финансии.

**ПРОЕКТ 'Мали а ГОЛЕМИ' на СТОПАНСКАТА КОМОРА и на МИА, 11.4.2006**

Целта на овој проект е да се поддржат малите и средни трговски друштва. Текстовите за малите, а сепак по своето достигнување, големи фирми, ќе се објавуваат на порталот на Комората и ќе бидат достапни до сите заинтересирани лица кои ќе имаат можност бесплатно да дојдат до нив. Текстовите исто така ќе бидат објавени и на веб-страницата на МИА како и на бизнис-страницата www.total.com.mk.
Стопанската комора на Македонија ги повикува малите и средни трговски друштва да се вклучат во проектот во интерес на својата промоција и афирмација.

**ВОСПОСТЕВЕНА ПОИНТЕНЗИВНА СОРАБОТКА СО КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, 11.4.2006**

На одржаниот работен состанок се дискутираше за практичната примена на Законот за хартии од вредност во работењето на брокерските куќи, каде што членовите на Комисијта за хартии од вредност беа запознати со практичните проблеми во работењето на брокерските куќи, со цел изнаоѓање соодветни решенија за нивно надминување. При тоа е договорено постојано присуство на членовите на Комисијата за хартии од вредност на седниците на Групацијата.

**ИНДУСТРИЈА НА ХАРТИЈА И ЦЕЛУЛОЗА, ГРАФИЧКА ИНДУСТРИЈА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ**
**ВОВЕДУВАЊЕ НОВИ ТЕХНОЛОГИИ И ЕДУКАЦИЈА НА КАДАРОТ, 6.4.2006**

Здружението на индустријата на хартија, графичката и издавачката дејност во скоро време ќе подготви стратешки план на активности во кои централно место ќе имаат активностите за посоодветно место на гранката во вкупното стопанство - беше заклучено на седницата на Управниот одбор на Здружението. Особено внимание во иднина ќе му се посвети на организираниот настап на домашниот пазар, на заштитата од нелојалната конкуренција и на унапредување на дејноста преку воведување нови технологии и едукација на кадарот.
На присутните членови на УО им беше презентиран Законот за безбедност на производите. Директивите за оваа преработувачка дејност треба да бидат преточени преку техничките прописи до 2007 година, па членките на Здружението ќе имаат простор да партиципираат во работната група при Министерството за економија.
Здружението формираше петчлено тело - Управен одбор на Здружението на работодавачи од индустријата за хартија и целулоза, графичката индустрија и издавачката дејност, што ќе пристапи кон изготвување на гранскиот колективен договор. Активноста ќе се одвива во рамките на Организацијата на работодавачи на Македонија и Стопанската комора на Македонија.

**ХЕМИСКА ИНУСТРИЈА**
**ТЕХНИЧКИТЕ ПРОПИСИ ПОД ЛУПА, 12.4.2006**

Членки на Здружението на хемиската индустрија треба да бидат вклучени во постапката за изработка и донесување на техничките прописи, што за оваа индустриска гранка, произлегуваат од Законот за безбедност на производите - беше заклучок на седницата на Управниот одбор, во проширен состав, на Здружението на хемиската индустрија. Претходно, присутните стопанственици беа запознати со обврските кои произлегуваат од оваа законска регулатива, како една од основните во процесот на приближување кон европското законодавство.



Една од позначајните активности во рамките на Здружението во изминатиот период, која што се однесува на квалитетно и практично применливо законско решение во делот на еко-таксата (членот 185 од Законот за животна средина) се очекува да даде резултати во скоро време. Со тоа, ќе се создадат услови средствата што се прибираат по овој основ да се реинвестираат во производство и регенерација на суровини и, секако, во особено значајната заштита на човековата околина.

**ТУТУНСКА ИНДУСТРИЈА**
**ТРИМЕСЕЧНО СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ, 21.4.2006**



Здружението на производителите на тутун и производи од тутун во присуство на претседателот на Владата на Република Македонија, д-р Владо Бучковски како и претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, одржа состанок посветен на годинешниот откуп на тутунот, како и подготовките и планирањето на производството во 2006 година. Проценките за откупените годишни количини се остварија.
И покрај неправилностите кои се појавија уште со самиот старт на откупот, претставниците на здруженијата на производители на тутун го оценија позитивно годинешниот откуп. Но, напоменаа дека годинашните нерегуларности не треба да се повторат следната година. За таа цел беше потенцирано фирмите-откупувачи да ги усогласат договорите за наредната берба согласно новиот Закон за тутун и тутунски производи.

**ПРАВИЛНИКОТ ЗА КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**
**ПОД ЛУПА, 8.5.2006**

Правилникот за условите, начинот и постапката за стекнување и престанување на својството квалификуван потрошувач на електрична енергија беше презентиран на седницата на Македонската енергетска асоцијација, што се одржа во просториите на Стопанската комора на Македонија
Забелешките кои беа дадени на седницата и други забелешки од јавната расправа, ќе бидат разгледани од Регулаторната комисија за енергетика.

**КОЖАРСКО-ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА**
**НЕЛОЈАЛНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ДОМАШНИОТ ПАЗАР, 31.5.2006**

Кожарско-преработувачката индустрија, посебно производството на обувки, имаат голема развојна перспектива", истакна претседателот на Здружението, Костадин Барзов, на седницата одржана на 31 мај 2006 година. Македонските обувки се пласираат на пазарите на ЕУ, што значи дека и ги исполнуваат стандардите на европскиот пазар.
На домашниот пазар, пак, сериозен проблем претставува нелојалната конкуренција од увезените обувки од земјите од Далечниот Исток.

**НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВОДА НА УСТАВЕН СУД, 1.6.2006**

Нетранспарентно донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за водите претставуваше големо изненадување и разочарување кај стопанските субјекти поради неоправданото финансиско оптоварување по основ на надоместок за вода, а уште повеќе поради неговата неуставност. Членките реагираат на нееднаквиот третман на стопанските субјекти во земјата - корисници на вода задолжени да плаќаат 0,5% од продажната цена на пиво, сокови, пакувана вода, 3% од продажната цена на рибата, 2% од цената на искористен метар кубен геотермална вода итн.
Тргнувајќи од негативните економски ефекти кај стопанските субјекти, членките укажаа на потребата Владата на РМ итно да покрене постапка за изменување на Законот за водите („Сл. весник на РМ„ бр. 46/06), со што ќе се повлечат веќе донесените членови.

**МИСЛЕЊА И ЗАБЕЛЕШКИ ПО ПРЕДЛОГ-ПРАВИЛНИЦИТЕ НА КОМИСИЈАТА**
**ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, 7.7.2006**

Групацијата на повеќе седници одржани на 7.7.2006; 28.7.2006; 9.8.2006; 20.10.2006; 08.11.2006; 21.11.2006 и на 01.12.2006 редовно ги разгледуваше предлог-правилниците на Комисијата за хартии од вредност, со цел да даде активен придонес при донесувањето на регулативата која дирекно се однесува на нивното работење. За таа цел, Групацијата до Комисијата за хартии од вредност, во законски пропишаниот рок, достави мислења и забелешки во писмена форма по следните предлог-правилници:
- Предлог-правилникот за определување на износот, видот, одржувањето и начинот на пресметка и контрола на ликвидните средства во брокерската куќа;
- Предлог-правилникот за структурата и начинот на пресметка на основната главнина на овластеното правно лице за вршење услуги со хартии од вредност;

- Предлог-правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување директор на овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност;
- Предлог-правилникот за постапката за обновување на дозволата за работење на брокер.

**МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, МИЛЕ ЈАНАКИЕСКИ, ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 30.8.2006**

Новиот министер за сообраќај и врски, Миле Јанакиески, на својот трет работен ден во новата Влада, дојде на седницата на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и нemaтелите во Стопанската комора на Македонија. Иако на почетокот му го честитаа неговиот избор, сепак, членовите на




ова здруженија не го штедеа новиот министер, пред кого "рафално" ги отворија сите наталожени проблеми што со години ја притискаат оваа индустриска гранка. И не без причини, бидејки, како што забележа Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, ако градежништвото се "размавне" тоа ќе ги повлече и останатите гранки, бидејќи има огромно влијание врз вкупниот развојот на земјава, за што се сложи и новиот министер.

-Многупати сме дискутирале за градежништвото во Комората, сме донесувале заклучоци за промена на состојбите, но слабо фајде од сето тоа, - нагласи на почетокот од расправата, Бранко Азески. - Клучно е да се изврши промена на законската регулатива во оваа област, да отпочне издавањето лиценци за компаниите и да им се овозможи на градежниците да си ги наплатат своите побарувања од државата, локалната самоуправа и јавните друштва.

Миле Јанакиески истакна дека Стопанската комора ја гледа како партнер во градењето на политики и токму затоа присуствува на седницата за да ги чуе ставовите на стопанствениците. Тој вети дека како министер ќе им помага на градежните компании да најдат работат во државава и во странство, ќе се ангажира за спроведување на реформи, но и дека ќе биде бескомпромисен и ќе залага за правично спроведување на законите. Со еден збор, ќе се заложи за развој на градежништвото, а тоа ќе помогне во намалување на невработеноста и вкупен развој на економијата.

**ПРЕДЛОЗИ ВО ВРСКА СО ПЛАЌАЊЕТО ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД НА ПРИХОДИТЕ ОД КАМАТИ НА ДЕПОЗИТИ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА, 25.9.2006**

Здружението на банкарството упати барање до министерот за финансии, согласно одредбите на член 47 од Законот за персонален данок на доход, а во врска со член 76 од Законот за изменување и дополнување на Законот за персонален данок на доход каде приходите од камати на орочени депозити и други депозити на физички лица подлежат на пресметување и плаќање персонален данок на доход, со предлози: пресметката и исплатата на персонален данок да се врши според последно објавената стапка на пораст на цени на мало важечка на денот на исплатата; потоа пресметката на персоналниот данок на камати на орочени штедни и други депозити да се врши по основ на пресметана и исплатена камата која се однесува само за периодот од 01.01.2006 година, без оглед на камата која согласно орочувањето се однесува на претходен период, како и плаќањето на персоналниот данок да се врши најдоцна до 5-ти во тековниот за претходниот месец.

**УПРАВЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА, 6.9.2006**



Новиот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Аце Спасеноски и вицепремиерот Живко Јанкулоски, задолжен за аграрот и образованието, речиси во "хор" на седницата на Управниот одбор на Здружението на земјоделството и прехранбената индустрија во Стопанската комора на Македонија ветија транспарентност и отвореност во нивната работа и ги повикаа македонски менаџери од оваа област на што почести средби и нивни предлози за надминување на тешката состојба во која се најде оваа гранка. Но, уште на оваа првична средба со агро-бизнисмените од земјава владините луѓе задолжни за аграрот беа "затрупани" со практични "слики" од темната земјоделска стварност и со безброј предлози за промена на состојбите во гранката која, спорд многумина од присутните, е пред банкрот. ". Живко Радески од ИМБ од Битола, претседател на Управниот одбор на Здружението на земјоделството и прехранбена индустрија ги образложи иницијативите што ќе бидат покренати за остварување на одржлив

развој на земјоделско-прехранбениот сектор и надминување на актуелните проблеми. Комората предлага донесување нов закон за земјоделството, воведување евиденциони маркици за брашното, компензациона давачка за млекото и преработките од млеко, укинување на некои увозни давачки, поддршка на извозот, изземање за новите давачки за надомест за користена вода и заеми за мазут за оранжериското производство, со обезбеден инструмент за наплата во утврдениот рок.

## ПРЕЗЕНТИРАН КОДЕКСОТ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ЕТИКА НА ОВЛАСТЕНИТЕ УЧЕСНИЦИ НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, 22.9.2006



Групацијата за работење со хартии од вредност при Стопанската комора на Македонија го промовираше Кодексот на професионална етика на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Овој Кодекс е прв документ со кој се уредуваат правилата на однесување во еден дел од бизнисот.
Со цел да се овозможи поголема информираност за донесувањето и потпишувањето на овој значаен документ, Групацијата организираше презентација на која присуствуваа голем број медиуми, а истата беше проследена и од претставници од бројни институции и организации: Министерството за финансии, НБРМ, Комисијата за хартии од вредност, Меѓународната финансиска корпорација, АЦИ-Македонија и други.
Презентацијата на Кодексот беше организирана со цел да овозможи сеопфатна и навремена информираност на сите овластени учесници на пазарот на хартии од вредност за почитувањето на основните начела на професионална етика, како и за практикувањето на доброто деловно однесување со клиентите, што ќе придонесе за зголемување на довербата на инвеститорите во пазарот на хартии од вредност во Република Македонија. Презентацијата ја изврши Маргица Миова од Македонската берза на хартии од вредност.

## ФОРМИРАНА ГРУПАЦИЈА НА АГЕНЦИИ ЗА НЕДВИЖНОСТИ, 21.9.2006

Во рамките на Стопанската комора на Македонија беше формирана Групација на агенции за недвижности. На седницата беше коституиран Управен одбор на Групацијата составен од 13 члена, а за претседател на Групацијата беше избрана Лилјана Ковачева од "Дом Дизајн" од Скопје, а за заменик-претседател Никола Димитровски од "Перфект" од Скопје.

## Авто-такси превоз
## ПРИДОНЕСИТЕ И ТАКСИМЕТРИТЕ, 19.9.2006

Групацијата на авто-такси превозот при Регионалната комора со седиште во Скопје се оградува од изјавите на некои здруженија, групации и синдикати формирани во оваа област, кои изнесуваат низа предлози за надминување на хаотичната состојбата на такси-превозот во градот.
- Треба еднаш да престанеме да бараме нешто што не е реално и што не носи просперитет на такси-дејноста, - нагласи Сашо Рајчановски, претседател на Групацијата, на конференцијата за печат во Стопанската комора на Македонија.

## ТРАЈКО СЛАВЕВСКИ, МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ ВО ПОСЕТА НА КОМОРАТА, 10.10.2006




На седница на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија присуствуваше и министерот за финансии, Трајко Славевски. Беа констатирани позитивни тенденции кои се состојат во перманентен пораст на депозитниот потенцијал на банките, зголемување на кредитната активност, висока ликвидност, како и задоволително ниво на стапката на адекватност на капиталот. Од друга страна, банкарскиот сектор во Република Македонија треба да надмине и некои слабости.
Во функција на зајакнување на конкуренцијата е и стимулирањето на влезот на странски банки во Македонија
Како позначајни активности кои Министерот за финансии ги најави за наредниот период е и подготовката на новиот Закон за банки, во кој ќе се имплементираат базелските стандарди и стандардите на ОЕЦД за

корпоративно управување, а капиталната основа на банките ќе биде засилена преку зголемувањето на цензусот за основање банка.
Министерот најави преземање мерки за стимулирање на безготовинското плаќање со ориентација кон работење со платежни картички, при што сите банки ќе бидат рамноправни во трката за привлекување клиенти кои ќе ги користат нивните услуги.

**СО НОВИОТ ЦЕФТА-ДОГОВОР ЌЕ СЕ УКИНАТ ИЗВОЗНИТЕ СУБВЕНЦИИ МЕЃУ СИТЕ ЗЕМЈИ ОД РЕГИОНОТ,10.10.2006**




Во соработка со Министерството за економија, како носители на мултилатералните договори за слободна трговија, во Стопанската комора на Македонија се одржи тематска расправа за Проширувањето на ЦЕФТА, односно ЦЕФТА 2006.
Имено, по зачленувањето на Република Романија и Република Бугарија во ЕУ, од 1.1.2007 година, во слободната трговска зона на Централна Европа, ќе останат само Република Хрватска и Република Македонија. Затоа, веќе се отпочнати преговори за нејзино проширување со зачленување на Албанија, Србија, Црна Гора, БиХ, Косово и Молдова.

**СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА СО КОНКРЕТНО БАРАЊЕ ЗА БУЏЕТОТ НА РМ ЗА 2007 ГОДИНА, 13.10.2006**



Стопанската комора на Македонија, како што истакна Бранко Азески, ја поздравува одлуката на Владата на РМ за исправка на неправдата кон земјоделците со ребаланс на буџетот за годинава, но инсистира ваквата поддршка да продолжи и наредната година и тоа да стане континуиран процес. На форумот "Буџетот на РМ за 2007 година - субвенции за земјоделството" Комората предупреди дека буџетот ќе биде постојано во фокусот на нејзините активности, за да може од социјален тој да се претвори во развоен.
Киро Спанџов, заменик-министер за земјоделие, истакна дека Владата подготвува мерки за надминувањње на состојбата во аграрот. Меѓу 22 таксативно наброени зафати го издвојуваме стимулирањето на домашните фирми за добивање на ИСО и ХАСАП-стандардите. Според проценките на Владата во моментов во земјава од 220 до 250 компании ги имаат сертифицирано овие стандарди, а при влегувањето во ЕУ нивниот број требе да се покачи на 1000.

**СРЕДБА МЕЃУ ЦАРИНСКАТА УПРАВА И ГРУПАЦИЈАТА НА МЕЃУНАРОДНИ ШПЕДИТЕРИ, 20.10.2006**
Царинската управа на Република Македонија изразува подготвеност за интензивирање на веќе започната соработка и одржување на партнерски однос со Групацијата на меѓународните шпедитери при Стопанската комора на Македонија.
Присутните расправаа за закажување термин за наредниот (прв по летната пауза) состанок на Царинско-шпедитерскиот комитет. Според претходно утврдената динамика, истиот би требало да се одржи во текот на првата недела на ноември. Единствена тема за дискусија на овој состанок би бил прегледот на досега спроведеното во пракса од она што било заеднички утврдено на претходните состаноци, слабостите или пропустите во постапката на реализација.

**АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ, 13.10.2006**




Групацијата на авто-такси превозот при Регионалната комора со седиште во Скопје најавува намалување на цената на такси-услугите. Членките на оваа Групација, 11 такси компании во градов, предлагаат чекањето во место за еден час да се се намали од 300 на 240 денари, односно за 20 отсто, а километарот од 20 на 18 денари, односно за 10 отсто. Предлог-тарифата за поевтин авто-такси превоз е подговена и поднесена до Советот на градот на усвојување.
- Никако не можеме да оствариме средба со градоначалникот за да му ги соопштиме нашите предлози за средување на хаосот во градскиот такси-превоз. Затоа решивме самите да се погрижиме да изнајдеме решенија во корист на граганите, - истакна Сашо Рајчановски, претседател на Групацијата, на конференцијата за печат во Стопанската комора на Македонија.

## СОВЕТУВАЊА ЗА ПРИМЕНАТА НА ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ И ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА, 27.10.2006



Во Стопанската комора на Македонија се одржа советување за примената на измените на Законот и Правилникот за данокот на добивка, трето по ред, по одржаните во Штип, на 25.10.2006 и во Битола на 26.10.2006 година.
Советувањата беа организирани во соработка со "Економист", консултантска куќа од Скопје.
Подзаконските акти, кои се особено важни за примената на законските одредби, се донесени по 9 месеци од воведувањето на обврската да се задржува данок при исплата на одреден вид на приходи на странски правни лица, период во кој имплементација на данокот практично беше невозможна.
Отворените прашања и дилеми се доставија до Министерството за финансии.

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ШТЕДЕЊЕТО, 31.10.2006

На 31 октомври 2006 година, во организација на Здружението на банкарството и Фондот за осигурување на депозити, беше организирано свечено одбележување на Светскиот ден на штедењето, каде што им беа врачени пофалници на најдобрите шалтерски работници од банките и штедилниците за постигнати особени резултати во вршењето на работни задачи во доменот на работењето со населението. Пофалниците беа врачени од страна на Претседателот на Здружението на банкарството, Глигор Бишев, кој во своето обраќање ја нагласи ефикасноста во работењето на банките и стабилноста на банкарскиот систем, како резултат на што се постигнува зголемување на довербата на граѓаните во банкарските нституции, а со тоа и растење на банкарските депозити.
На настанот беше извршена презентација за работата на Фондот за осигурување на депозити од страна на директорот на Фондот, Нина Настева.

## ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН, 1.11.2006




Тутунарите бараат целосна исплата на ветената премија од 30 денари и тоа до 31 март идната година. Ова го одлучија членовите на Здружението на производители на тутун и производи од тутун при Стопанската комора на Македонија. На седницата тие истакнаа дека првата половина од 15 денари ја очекуваат со ребалансот на Буџетот, а втората рата ќе инсистираат да им биде платена до 31 март 2007 година.

Советникот во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Алириза Елези, потврди дека Владата со ребалансот на Буџетот ќе ги обезбеди потребните средства за доисплата на првата половина од ветената премија, односно за останатите 15 денари што досега не ги добија сите.
Членовите на Здружението истакнаа дека ќе побараат и пренамена на трите денари од секоја продадена кутија цигари, односно нивно искористување исклучиво за потребите на тутунското производство. Според Здружението, подобро е стимулацијата на тутунското производство да зависи од продажбата на цигарите, наместо секоја година да се одредува висината на премијата.

## ПРЕЗЕНТИРАНА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА ГОЛЕМИ ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ, 3.11.2006



Стопанската комора на Македонија, во рамките на партнерството со Управата за јавни приходи на Македонија, организираше презентација на функционирањето на новата Дирекција за големи даночни обврзници. Пред повеќе од стотина бизнисмени од најголемите македонски компании, презентацијата ја изврши Горан Трајковски, директор на УЈП и Елена Петрова, раководител на Дирекцијата за големи даночни обврзници.
- Стопанската комора на Македонија го поздравува формирањето на Дирекцијата и во рамките на своите надлежности ќе даде соодветен придонес поефикасно да заживее во практиката, - истакна Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија. -

Ценам дека нејзиното функцинонирање ќе ја подобри комуникативноста меѓу Управата за јавни приходи и претставниците на компаниите, ќе придонесе за размена на искуства, информации, сознанија за одредени прописи од интерес за компаниите.
Дирекцијата за големите даночни обврзници во моментов опфаќа 131 компанија, коишто алиментираат 55 до 60 отсто од вкупните даночни приходи.
-Со конкретни активности ќе се потрудиме да станеме сервис на стопанството, а не орган на репресија. - ветува Горан Трајковски.

**ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕРАБОТКА НА МЕСО**
**УКИНУВАЊЕ НА ЗАБРАНАТА ЗА УВОЗ НА БРАЗИЛСКО МЕСО, 3.11.2006**




Преработувачите на месо ќе бараат укинување на забраната за увоз на свинско месо од Бразил. Тие сметаат дека „рампата“ не е оправдана поради тоа што бразилското свинско месо е на трето место во светот од аспект на квалитет.
Абдулезел Догани од Ветеринарната управа објасни дека забараната за увоз на бразилско месо е воведена од две причини. Имено, Бразил, според Светската здравствена организација, е земја во која има шап и лигавка, а истовремено бразилците немаат систем за идентификација што би го потврдил потеклото на свињите.

**КОМУНАЛНА ХИГИЕНА**
**НАМАЛУВАЊЕ НА ДДВ ЗА ОТПРЕМУВАЊЕ НА СМЕТОТ, ЛОКАЦИИ ЗА ДЕПОНИИ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДОЛГОВИТЕ, 6.11.2006**




На првата седницата на Групацијата за комунална хигиена при Стопанската комора на Македонија од страна на Славјанка Пејчиновска Андонова, заменик-тим лидер на Кардс 2005, беше презентирана досегашната имплементација на барањата од ЕУ-директивите за отпад и депонии во рамките на проектот: Зајакнување на управувањето со животната средина (КАРДС 2005).
Присутните претставници од комуналните претпријатија искажаа позитивни ставови и гледишта за самиот проект, при што беше потенцирано дека законската регулатива на ЕУ мора и треба да се импламентира во нашето законодавство. Меѓутоа, беше истакнато дека паралелно и во од треба заеднички да се решеваат и да се надминуваат наталожените проблеми во комуналниот сектор.
Најприоритетната мерка, за која е потребно и поддршка од Владата, е намалувањето на ДДВ од 18% на 5% кај отпремувањето на сметот, добивање локации и одобренија за изградба на депонии, како и надминување на проблеми со заостанатите долгови на комуналните претпријатија за ДДВ.

**ФОРМИРАНА ГРУПАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА МАСЛО ЗА ЈАДЕЊЕ, 16.11.2006**



Во Стопанската комора на Македонија на 16.11.2006 година беше формирана Групацијата на производителите на масло за јадење. За претседател на Групацијата е избран Никола Варадинов, генерален менаџер на "Благој Ѓорев" од Велес, а за заменик-претседател Златко Михајлов, комерцијален менаџер на "Брилијант" од Штип.
Формирањето на оваа Групацијата е заради големиот број проблеми на производителите на масло за јадење, кои на овој начин сметаат дека полесно ќе успеат да иницираат нивно решавање..

**ПОТПИШАН ЕТИЧКИ КОДЕКС НА ПОСРЕДНИЦИТЕ СО ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ, 17.11.2006**

Околу триесетина членки на Групацијата на агенции за недвижности при Стопанската комора на Македонија потпишаа Етичкиот кодекс на посредниците со промет на недвижности.
Групацијата го усвои овој Кодекс поаѓајки од зајакнувањето на угледот на посредничката дејност, преку зајакнување на довербата на општеството и инвеститорите во работењето на учесниците во прометот на недвижности, како и грижата за исполнувањето на начелата и почитување на дисциплината во сопствените редови. Од него произлегува обврска за професионално однесување и знаење на членовите, совесно постапување во согласност со добрите деловни обичаи, градење доверба и штитење на интересите на странките и давање стручна посредничка помош.

**ПОДДРШКА ОД КОМОРАТА ЗА ВОВЕДУВАЊЕ РАМЕН ДАНОК, 15.11.2006**

Стопанската комора на Македонија, со соопштение објавено во медиумите, дава целосна поддршка на иницијативата на Владата на Република Македонија за воведување рамен данок, со што данокот на добивката и персоналниот данок на доход ќе се намалат на 12% од 1 јануари 2007 година, односно на 10% од 1 јануари 2008 година. Комората ја оценува инцијативата како едно од позначајните исчекорувања кон создавањето стимулативен деловен амбиент за остварување на домашниот бизнис, како и за привлекување на странскиот капитал за да инвестира во македонската економија, со очекување дека предложените даночни поволности ќе извршат влијание кон создавањето амбиент за економски просперитет, зголемување на вработеноста и животниот стандарад на населението. Ваквата иницијатива на Владата ќе значи реализација на заложбите на Стопанската комора на Македонија, но, исто така, значи и реализација на заложбите и досегашните барања на деловната заедница за намалување на даночните оптоварувања. Во дел од предложените законски решенија се прифатени и конкретни предлози на Комората.
Стопанската комора на Македонија ја поздравува иницијативноста на Владата на Република Македонија да го бара и да го почитува мислењето на деловната заедница организирана во Комората во подготовката на законите што, секако, ќе резултира со донесување добри и ефикасни законски решенија кои добиле практична верификација од бизнисот.

**МЕЃУНАРОДНА ШПЕДИЦИЈА, 16.11.2006**

Групацијата на меѓународните шпедитери - МИФА при Стопанската комора на Македонија на својата редовна седница расправаше главно за организациони прашања од своето делување.
Членките на Гупацијата во функција на пооперативно и поквалитетно натамошно делување донесеа Одлука за изменување на Правилата за организацијата и начинот на работа на Групацијата на меѓународните шпедитери, со која бројот на членовите на Управниот одбор од 11 го намали на 7 членови. Изменета беше и Одлуката за организирање и дејствување на Групацијата на меѓународните шпедитери и за избор на членови на Управниот одбор, за претседател и заменик-претседател на Групацијата на меѓународните шпедитери.

**КОЖАРСКО-ПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, 23.11.2006**

Здружението на кожарско-преработувачката индустрија укажа на еопходната заштита на домашното производство на обувки од зголемениот увоз од Република Кина.
Во осумте месеци од 2006 година од Република Кина се увезени 2,58 милиони килограми обувки (околу 8О отсто во вкупниот увоз на овој производ) со вредност од 4,20 милиони САД долари. Просечната увозна цена изнесува само 1,62 американски долари по килограм.
Ваквата состојба со увозот на обувки негативно се одразува на производството на овој производ, особено на количината наменета за домашниот пазар.
Доколку и во нашата земја се воведат мерки по примерот на мерките од Европската унија за заштита од енормно зголемениот увоз на обувки од Кина, како што е згоелмувањето на царината на овој производ, делумно ќе се ублажат крајно неповолните состојби кај производителите на обувки во однос на искористеноста на инсталираните капацитети и врз вработеноста

**ПРЕДЛОЖЕНИ ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА, 5.12.2006**

Здружението на банкарството предложи измени и дополнување на Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка кои се во насока на попрецизна и поефикасна примена на законот, а едновремено и обезбедување правична застапеност на правните субјекти.

**ПРЕДЛОГ-ЕНЕРГЕТСКИ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2007 ГОДИНА, 11.12.2006**

Во врска со Енергетскиот биланс на РМ за 2007 година, Македонската енергетска асоцијација заклучи дека:

- со оглед на фактот што потребите од енергија за 2007 година бележат пораст за 14,7%, а сопственото производство на енергија пораст од 8,1%, потребата од увоз ќе забележи пораст од 11,4% (3,3 индексни проценти пораст во бруто-потрошувачката) и ќе достигне 46,3% во вкупно

планираната потрошувачка на енергија во 2007 година. Со цел намалување на зависноста, а со тоа намалување на несигурноста во снабдувањето, покрај другите заклучоци, МЕА истакна дека императив се нови инвестиции во енергетскиот сектор, по петнаесетгодишното стагнирање на тој план.

- Изостреniот проблем со снабдување со електрична нергија во 2007 година налага потреба од заеднички мерки и активности за негово надминување, односно заедничка активност на производителите, снабдувачите, потрошувачите и Владата на РМ.
- Имајќи го предвид значењето од обезбедената сигурност и недискриминаторниот однос кон потрошувачите во снабдувањето со електрична енергија, на што обврзува Законот за енергија, потребна е ориентациона петгодишна програма за потребите врз основа на среднорочните производни програми на стопанските субјекти, истакнаа членките на МЕА, со потребна количина и динамика на испорака. На овој начин ќе се обезбедат основни услови ЕЛЕМ и МЕПСО да ги планираат своите активности на тој план.

**ТЕКСТИЛНА ИНДУСТРИЈА И КОНФЕКЦИЈА, 12.12.2006**

Врз основа на член 4 од Уредбата за поблиските услови кои мора да бидат исполнети за да може стоката да биде предмет на автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки, постапката за воведување автономни мерки, како и начинот на нивно распределување или користење, Здружението на текстилната индустрија и конфекција при Стопанската комора на Македонија заклучи до Министерството за економија да достави Барање за автономни мерки за укинување на увозните давачки кај одделни суровини, репроматеријали и опрема за потребите на текстилната индустрија.

**ПРОЕКТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА, 13.12.2006**

Потпишан Меморандумот за соработка меѓу Комората и ИФЦ - Меѓународната финансиска корпорација за реализирање на Проектот за медијација



Во рамките на оваа соработка на стопанските субјекти им се дава можност на брз, современ и поедноставен начин да пристапат кон решавање на стопанските спорови што настануваат во нивното секојдневно работење.
Медијаторството, кое по своја дефиниција претставува “вонсудска постапка за решавање на споровите врз слободно изразена волја на страните со помош на трето неутрално лице - медијатор”, претставува еден од широко прифатените методи со којшто се приближува кон поимот реформирано судство, поради што истото во пракса е широко прифатено од современите светски економии.
На овој начин, Стопанската комора на Македонија продолжува да ги остварува стратешките цели на нејзиното организационо делување, перманентно преземајќи нови активности и содржини од коишто бизнис-заедницата има се` позначајна економска корист и позитивни ефекти.

**ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ И ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОБИВКА, 20.12.2006**

Финансиските организации, на одржаниот семинар, утврдија дилеми, прашања и нејаснотии поврзани со правилната примена на Законот и Правилникот за данокот на добивка од аспект на задржаниот данок при исплата на приходи на странски правни лица кои се доставени до министерот за финансии со барање за итен одговор. Дилемите се однесуваат во врска со: Договорот за отстапување право на користење на софтверските производи “TENFORE Banking Package”- финансиски сервис; користењето на услугите на SWIFT; исплатените надоместоци за REUTERS; исплатите по странски фактури по основ на тренинзи, обуки, предавања за вработените (или за други надворешни лица) од страна на друштво - домашен исплатувач на приходот и третман на котизации и семинари; даночниот третман на финансиските услуги; даночниот третман на услугите на процесинг (обработка на податоците) на кредитни картички; услугите на застапување од страна на странски адвокатски друштва во судски спорови и други настани, како и третман на услугите на посредување од странски адвокатски друштва; каматите по кредити меѓу поврзани лица; плаќања кои произлегуваат од воспоставен кредитен однос меѓу банка и нерезидент-кредитор; со разни услуги поврзани со материјални средства, како и во врска со обрасците кои се составен дел на Правилникот.

## ГРАДЕЖНИШТВО

## НОВИ ИНВЕСТИЦИИ И ЗАОКРУЖУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, 26.12.206



Градежниците поново ги потенцираа прашањата и проблемите што мора итно да се надминат пред Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски и тоа: - итно донесување на измените и дополнувањата на законската регулатива за просторно и урбанистичко планирање и градење, со барање во тендерските услови да се вградуваат точни и прецизни услови за да се елиминираат сите неправилности при бодирањето и рангирањето на фирмите, изнаоѓање начин за наплата на побарувања и обврски на градежните фирми од државните институции и локалната самоуправа, како и надминување на проблемот со обезбедување банкарски гаранци за учество на тендери. Министерот Јаникески истакна дека веќе се планираат инвестициони проекти кои треба да отпочнат се реализација во 2007 година, како што е Коридорот 10 во вредност од околу 150 милиони САД долари, а за Коридорот 8 (патот Крива Паланка - Велес) се подготвува студија со која ќе се дефинира економскиот интерес за концисионерство, потоа изградбата на аеродромот во Скопје (писта и аеродромска зграда), изградба на 1000 социјални станови, се прават напори за продолжување со изградбата на пругата кон Бугарија и друго.

Во врска со законската регулатива, министерот истакна дека таа се работи, измените на Законот за просторно и урбанистичко планирање се скоро готови, додека за градење ќе бидат готови до крајот на јануари 2007 година. Исто така, се очекува две реномирани странски банки да се вклучат во банкарскиот сектор, при што се создава можност за зголемување на банкрскиот капацитет, но и намалување на каматните стапки.

# УСЛУГИ ЗА ЧЛЕНКИТЕ

**КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА GS1 МАКЕДОНИЈА, 23.01.2006**

Претседателот на GS1 Македонија, Бранко Азески, во излагањето на Конститутивната седница на Собранието на GS1 Македонија, потенцираше дека интензивното вклучување на сите субјекти од Македонија во меѓународниот GS1 систем е неопходно поради актуелните евроинтеграциони предизвици, поставени пред македонското стопанство и задолжителната имплементација на современите светски стандарди. Трендот на зголемување членството во GS1 Македонија е континуирано присутен во сиве овие изминати години. Заклучно со 16.1.2006 година 1052 фирми од Македонија се членки на GS1 Македонија Застапеноста во досегашното членство од секторите на производството и трговијата е приближно подеднаква. Доминантен број на членките, 99.5%, се мали и средни фирми.

**БАЗА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ, 25.01.2006**

Стопанската комора на Македонија формира база на инвестициони проекти и развојни програми со цел да се поттикнат инвестиционите вложувања во македонското стопанство и промовирање на атрактивни проекти со профитен потенцијал. Стопанската комора на Македонија, во соработка со компаниите како подносители на проект/и или развојна програма, проектите би ги претставувала пред потенцијални заинтересирани инвеститори во земјава и во странство и за време на одржување на домашни и меѓународни саеми, бизнис-форуми, донаторски конференции и сл. На овој начин ќе се овозможи побрзо и поадекватно пристапување до изворите на финансирање, воспоставување нови бизнис-контакти, полесно и поедноставно поврзување на заинтересираните партнери и финансиските институции и сл.

**ОТВОРЕНА ПРВАТА ВИДЕО-КОНФЕРЕНЦИСКА САЛА ВО МАКЕДОНИЈА**
**МЕНАЏМЕНТ ТРЕНИНГ ЦЕНТАРОТ - CLEAR VIEW ВО СОРАБОТКА**
**СО СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 3.02.2006**

Времето кога плаќавте скапи билети за состаноци во странство..., Времето кога губевте денови во авиони и по аеродроми, за двочасовен состанок...,
Времето коешто го поминувате надвор од Вашиот дом е минато!
Организирајте управни одбори со вашите странски партнери, презентирајте ја Вашата фирма пред странски инвеститори и партнери...Бидете во чекор со технологијата на 21-от век. Видео-конференцијата - можност за едновремена комуникација од две или повеќе географски оддалечени места во живо, со слика и тон. Модерната видео-конференциска опрема Polycom ја овозможува видео-конференциската врска преку интернет, без сателитски или меѓународни трошоци.
Менаџмент Тренинг Цептарот - Clear View во соработка со Стопанската комора на Македонија, ја нудат оваа единствепа можност, Ваше е само да го одберете терминот.

**ПРЕЗЕНТИРАНА НАЦРТ-СТРАТЕГИЈАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ, 9.02.2006**

Министерството за образование и наука во Стопанската комора на Македонија ја презентираше Нацрт-верзијата на стратегијата за образование на возрасни во Република Македонија во контекст на доживотно учење.
Презентирањето на Нацрт-стратегијата и дискусиите беа во функција на нејзино финализирање, како и истакнување на потребата од побрзо донесување закон за образование на возрасни. Овој закон треба да ги отстрани пречките и да го поттикне развојот на мрежата за образование на возрасни, која ќе се вклопи во потребите на Македонија, во која важна улога ќе има и Стопанската комора на Македонија.
Стратегијата за образование на возрасни во Република Македонија, во контекст на доживотно учење, претставува резултат на водени разговори со заинтересирани страни за образование на возрасни од различен профил (НВО, локалната самоуправа, Синдикатот, Стопанската комора на Македонија, приватните занаетчии, Агенцијата за вработување и приватни центри за образование на возрасни), како и одржаните работилници со националната експертска група.

**"ЧЛЕНСТВОТО Е МОЌ, ЗАПОЧНЕТЕ ОД ТУКА" – кампања на Стопанска комора на Македонија, 14.2.2006**

По повод 18 февруари - Денот на Стопанската комора на Македонија, на 15 и 16 февруари, ќе се одржи манифестацијата Chamber's Open Days. Најстарата и најбројната стопанска асоцијација, која во моментов опфаќа 15.000 членки, во периодот на отворените денови на Комората ќе може да ја посетат сите заинтересирани и притоа детално да се запознаат со нејзината организација, функционирање и можностите и услугите што ги нуди.
Истовремено, Стопанската комора на Македонија ја започна и медиумската кампања "Членството е моќ, започнете од тука" заради запознавање на потенцијалните членки со придобивките што ги добиваат со членувањето во оваа институција. Општата кампања, на македонски и на албански јазик, интензивно ќе се

води на национално ниво, но и на локално, со помош на регионалните канцеларии на Стопанската комора на Македонија. Медиумската кампања е упатена кон македонските трговски друштва, особено малите и средните, нивните менаџери, образовните институции, Владата и невладините организации.

## ИК БАНКА - ПОКРОВИТЕЛ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 24.3.2006



Извозна и кредитна банка од Скопје стана покровител на Стопанската комора на Македонија. Договорот за покровителство го потпишаа Бранко Азески, претседател на најстарата и најбројната стопанска асоцијација во земјава и Панче Манчевски, главен извршен директор на ИК Банка. Значајно е да се истакне дека активностите на оваа банка во најголем обем се концентрирани во правец на континуирана поддршка и кредитирање на малите и средни трговски друштва во земјава. Ланската година ИК Банка ја заврши како најуспешна досега.

Реалниот пораст на кредитното портфолио на ИК Банка е поголемо за 48%. Депозитите на правни и физички лица минатата година забележаа зголемување за 42% во однос на 2004 година. ИК Банка е првата банка во земјава која го има воведено сертификатот ИСО 9001:2000. Инаку, Стопанската комора на Македонија во 2004 година, заради исклучителните петгодишни резултати во работењето, ја прогласи ИК Банка за банка на годината.

## ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРАНСФЕРОТ НА ИНОВАТИВНИ ТЕХНОЛОГИИ, 4.5.2006



Потпишан Конзорциумски договор за формирање македонски ИРЦ - Иновативен релеен центар

Со тоа Македонија стана дел од мрежата на ИРЦ-центри која е формирана од Европската комисија во 1995 година и која денес е раширена во 71 земја. Покрај Стопанската комора на Македонија, потписници се: Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Министерството за економија, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување, Техничкиот факултет од Битола, Сојузот на стопанските комори и Агенцијата за поддршка на претприемништвото.

Овие центри се креирани со цел да се помогне трансферот на иновативни технологии од и кон европските компании и истражувачки центри, претежно насочена кон малите и средните фирми, - истакна Ханс Јорген Флор, менаџер на норвешкиот ИРЦ-центар. -Конзорциумскиот договор е форма за барање средства од Европската комисија, која го финансира половината од проектот, додека преостанатиот дел ќе биде потребно да се обезбеди од националниот буџет.

## ПОТПИШАН ПРОТОКОЛ ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА И СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА, 4.5.2006




Претседателите Бранко Азески и д-р Владо Ванковски потпишаа Протокол за соработка меѓу Стопанската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија.

Со Протоколот се предвидува деловно-стручна соработка од економски и правен карактер и меѓусебна размена на податоци и информации. Се очекува преземање заеднички активности за обука и едукација на членките, користење на информационите бази, заедничка посета на саеми во земјата и во странство и средби на разни нивоа за прашања од заеднички карактер.

## КВАЛИТЕТ, ИНОВАЦИИ, ПРОМОЦИЈА И СТАНДАРДИЗАЦИЈА - ПОТОА ЗГОЛЕМЕН ИЗВОЗ, 10.5.2006



"Европски ден на претприемачите" на Скопски саем

Имајќи предвид дека економскиот развој е еден од главните предизвици со кои се соочува Република Македонија, интегрален дел на вкупната прослава беше настанот посветен на претприемништвото. Со него се направи обид да се промовира претприемништвото не само на локално ниво, туку и регионалната и

меѓународната соработка, Од низата аспекти на третирањето на претприемништвото во светло на меѓународната економска соработка, посебно се издвојува делот посветен на "Зголемувањето на извозот преку подобрување на квалитетот, иновациите, промоцијата и стандардизацијата".

**БРАНКО АЗЕСКИ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НСПК**
**СОБРАНИЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТНОСТ, 17.5.2006**

Собранието на Националниот совет за претприемништво и конкурентност го верификува изборот на Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија, за член на Управниот одбор на Националниот совет за претприемништво и конкурентност. Според оценката на Управниот одбор, со вклучувањето на претседателот на Стопанската комора на Македонија ќе се зголеми опфатот на бизнис-секторот во работата на Националниот сектор, преку инкорпорирање на некои од активностите на Комората и воспоставување директно партнерство при реализацијата на тековните и идни проекти. Во таа смисла, вклучувањето на Комората треба да даде силен импулс и на активностите кои се насочени кон подобрување на бизнис-опкружувањето во нашата држава, како и на конкурентноста на претпријатијата.

**“СРЕДБА НА ДИПЛОМЦИ И СТОПАНСТВЕНИЦИ 2006”, 24.5.2006**




Големата сала во Стопанската комора на Македонија беше претесна за да ги собере студентите, професорите и бизнисмените на втората по ред "Средба на дипломците и стопанствениците 2006". Годинешнава манифестација беше во знакот на форумот посветен на потребата за стекнување практични искуства пред дипломирањето и новиот проект насловен "Студентите, Комората и бизнисот".
Сите реформи што се преземаат во оваа област, според д-р Зоран Поповски, државен секретар во Министерството за образование, се во правецот да се создаде школство кое ќе кореспондира со пазарот на трудот и ќе придонесе кон поголемо вработување. Од тие причини се врши децентрализацијата и внесување на локалната самоуправа и во образованието за да може полесно да се оцени потребата од типовите на кадри.
Учесниците на форумот - студентите, стопанствениците, преставниците на повеќе надлежни државни институции, како и професори на приватните факултети и од државниот универзитет, изнесоа низа конкретни предлози за зголемување на практичното искуство и квалитетот на студентите пред дипломирањето. Сите се согласија дека треба да се тргне кон нормирањето на обврската за практична работа, а како најпогодна институција за подготовка и примена на основните принципи за таа практична работа е посочена Стопанската комора на Македонија.
Пред големиот собир беше претставен и новиот проект "Студентите, Комората и бизнисот".

**ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА GS1 НА МАЛТА, 15-17.5.2006**

Меѓународната организација GS1, во рамките на своите редовни годишни активности, одржа Генералното собрание на кое присуствуваа околу 250 претставници на националните GS1 организации од целиот свет. Меѓу нив беше и GS1 Македонија, која работи во рамките на Стопанската комора на Македонија.
GS1 е меѓународна, непрофитна асоцијација, со седиште во Брисел. Нејзината основна цел е создавање и воведување мулти-индустриски систем за идентификација и комуникација за производите и услугите, базиран на меѓународно прифатените деловни стандарди и сервиси во бизнис-комуникацијата. GS1 ги креира и ги имплементира глобалните стандарди и решенија за управување, но и за подобрување на ефикасноста на синџирот на снабдување на глобално и на меѓусекторско ниво.

**СРЕДБА НА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА СО ПАРТИСКИОТ ВРВ НА СДСМ, 6.6.2006**

- Соработката меѓу Владата и Стопанската комора на Македонија во изминатите 18 месеци беше исклучително добра, - оценија заеднички д-р Владо Бучковски, лидер на СДСМ и актуелен премиер и Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија.
Претседателот на Комората ги повтори барањата на бизнис-заедницата формулирани во четри точки: безусловна брза реформа на државната администрација и правосудниот систем, конципирање на развоен, а не социјален буџет и реализација на сите доставени, а досега нереализирани барања што се упатени на адреса на државната администрација.
- Во овој период 11 пати престојував во Комората, со која имаме многу заеднички погледи на економските проблеми. Се уверивме дека оваа стопанска асоцијација е претставник на малите и средни бизниси, бидејќи 98 отсто од нејзините членки се од овој сектор. Токму за нив, во нашата програмата предвидуваме вложување на 100 милиони евра во проекти кои ќе го повлечат развојот на земјава и отворањето на нови работни места, - нагласи д-р Владо Бучковски.



Бранко Азески, во името на бизнис-заедницата, покрена и неколку иницијативи и тоа:
- Сметаме дека министерствата за економија, земјоделство и транспорт и врски треба да се пополнат со стручни и компетентни луѓе, кои токму на таа основа многу повеќе ќе соработуваат со бизнис-заедницата. Истовремено, ќе побараме во иднина на седниците на Владата и на Собранието, кога ќе се расправа за економски теми, да присуствува и претставник на Стопанската комора на Македонија.
- Иницијатива на Стопанската комора на Македонија за стопанисување со дел од економската зона потекна од нејзиниот Совет на странски инвеститори, при што 9 компании се огласија дека се во можност да донесат странски инвеститори во зоната и се подготвени да стопанисуваат со дел од "Бунарџик".и за таа цел сме во можност да дадеме банкарска гаранција од странска банка која е подготвена да ја следи оваа иницијатива.
Д-р Владо Бучковски оценува дека иницијативата на Стопанската комора на Македонија таа да стане основач на дел од Слободната економска зона "Бунарџик" заслужува внимание и таа треба детално да се разгледа. Меѓутоа, основната дилема е дали таа да се реализира пред или после изборите?

**"ЕКСПО-БИТОЛА 2006", 14.6.2006**

Од 22 до 25 јуни 2006 година Битола беше центар на регионалниот бизнис. Обединувајќи го регионот Битола-Кожани-Корча, ЕКСПО Битола се зацврстува како најсериозно саемско случување кое нуди можност на едно место да се претставаат сите домашни и странски субјекти.
На саемот присуствуваа фирми од Македонија, Албанија, Грција, Србија и Црна Гора, Словенија, Бугарија и други земји. Исто така, се одржаа средби на регионалните комори и бизнис-средби на стопанствениците од поширокиот регион.
Организатори на ЕКСПО Битола 2006 се:
- Скопски Саем;
- Стопанската комора на Македонија - Регионална комора Битола;
- Регионалниот центар за поддршка на претприемништвото во Битола и
- Б&К маркет - експорт-импорт - Битола.

**ОСНОВАН ФОНД ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ, 26.6.2006**

Се одржа основачко собрание на Фондот за развој на човечките ресурси. Стопанската комора на Македонија е еден од основачите на овој Фонд, покрај Министерството за економија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, другите комори, мали и средни претпријатија и невладини организации. Целта на овој фонд е да делува како место за мобилизирање на ресурсите за поддршка на имплементирањето на ефективниот развој на извршниот менаџмент.

**ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА "ИСТРАГРАФИКА" ОД РОВИЊ, ХРВАТСКА, 21.9.2006**

Во Стопанската комора на Македонија се изврши промоција на производната програма на "Истраграфика" од Ровињ. Пред триесетина заинтересирани македонски компании, "Истраграфика" ја претстави широката палета еколошка амбалажа во обид да воспостави деловни контакти за враќање на македонскиот пазар. Се работи за најголемиот хрватски производител и извозник на комерцијална амбалажа, чии производи се пласираат во Словенија, Ирска, Германија, БиХ и во САД. Амбалажата ја користат познатите светски брендови, како што се "Калсберг", "Хајнекен", "Лего", хрватските "Краш", "Ронхил"...

**СЕМИНАР НА ГС1 МАКЕДОНИЈА, 28-29.10.2006**

Македонската бизнис-заедница, особено извозно ориентираните компании се' повеќе стануваат свесни за неопходното зголемување на својата конкурентост преку баркодирањето на своите производи и услуги и бенефитите што ги добиваат со членството во GS1 Македонија и користењето на GS1 стандардите во деловното работење. Тоа се потврди со големиот интерес и активното учество на дводневниот семинар "Практична примена на GS1 стандардите во деловното работење", кој се одржа во Стопанската комора на Македонија, на којшто учествуваа преку 200 компании од земјава.
Предавач на семинарот беше Масимо Болкини, технички директор на Италијанската асоцијација за нумерирање на артиклите GS1 Италија.



### “ВЕТ IV” - ОБУКА НА НАСТАВНИЦИ И ВРАБОТЕНИ ВО ВЕТ-ЦЕНТАРОТ, 6.10.2006

Проектот „Обука на наставници и вработени во ВЕТ-центарот„ успешно се реализира, во кој Стопанската комора на Македонија во изминатите месеци имаше активно учество заедно со Министерството за образование и наука. Тоа го констатираше во своите обраќања на завршната конференција министерот за образование и наука, Сулејман Рушити и амбасадорот на Европската унија во Република Македонија, Ерван Фуере. Преостануваат наредните фази во имплементацијата на Законот за стручно образование и обука во делот на обуката на наставници и вработени, како и профункционирање на Центарот за стручно образование и наука при Министерството за образование и наука на Република Македонија.

### ПРОМОЦИЈА НА E-BANKING НА КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА ПРЕД БИЗНИС-ЗАЕДНИЦАТА, 6.10.2006

Целта на заедничката акција на Стопанската комора на Македонија и Комерцијална банка АД - Скопје е токму претставувањето на интернет-банкарството пред бизнис-заедницата во земјава. Промовирањето на E-banking на Комерцијална банка, што таа го воведе на почетокот од септември, ќе продолжи во текот на целиот месец во петте регионални канцаларии на Стопанската комора на Македонија.

### ICG INFORA CONSULTING GROUP ВО СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА, 16.10.2006

Една од водечките консултантски куќи во Австрија и Унгарија на македонските компании им понуди соработка во областа на менаџментот

Во Стопанската комора на Македонија се одржа средба (5.10.2006) меѓу претставници од водечката консултантска куќа во Унгарија и Австрија ICG Infora Consulting Group и македонски компании.

По презентацијата, ICG Infora Consulting Group им понуди можност за соработка на македонските компании во областа на менаџмент на промени со цел постигнување одржлив и долгорочен успех.




### БОРИС ЈАНКОВСКИ ДОБИТНИК НА 'ГРАН ПРИ' НА КОМОРАТА НА 'МАКИНОВА 2006', 20.10.2006

Борис Јанковски, генерален менаџер и сопственик на компанија "Веда" од Скопје е добитникот на "Гран при" и пехарот на Стопанската комора на Македонија за пронајдокот "Аеросолен систем за гаснење пожари". На "Макинова 2006", годинава беа изложени 40 пронајдоци од 54 автори.

### МАРКЕТИНШКИОТ КОНЦЕПТ СОЗДАВА ТРГОВСКИ МАРКИ, 23.10.2006

Брендовите виреат во оние компании кои го имаат прифатени маркетиншкиот концепт и кои се свртени кон потрошувачот. Трговската марка е синоним за брендот, но за да се стигне до него потребни се многу напори и вложувања, нешто слично како инцвестиции, - истакна д-р Нада Секуловска, од Економскиот факултет во Скопје.



Во светот брендовите честопати се врзуваат за јавните личности, спортистите или пејачите, заради зајакнување на осоцирањето кон одреден производ. Во земјава таквата пракса штотуку почнува, па не случајно Есма Реџепова Теодосива споменува дека таквата спрега е недоволно искористена, а нејзиниот препознатлив естраден бренд во светот несомнено е малку ставен во функција на промоција на домашните производи. Таа повикува на заедничко работење и на искористување на македонските културни и други вредности во улога на промотор на пласманот на домашните производи.

Имаме реални капацитети како држава, но во светот не` препознаваат по бизарности. Недостасува ребрендирање на Македонија. Тешко е да се стигне до бренд, но уште е потешко тој да се сочува или да се изврши ребрендирање, - напомена Љупчо Зиков, сопственик и создавач на брендовите "Капитал" и "Тотал".

На трибината во Стопанската комора на Македонија презентација на своите брендови направија компаниите "Свислион", Мермерниот комбинат од Прилеп, како и "11 Октомври Еврокомпозити" и "Вивакс".

**СТРУЧЕН СИМПОЗИУМ "НОВИ ТРЕНДОВИ ВО ЕВРОПСКОТО ПЕКАРСТВО", 30.10.2006**

Под покровителство на Стопанската комора на Македонија, а во организација на издавачката куќа "Робинсон" од Хрватска, на 24 и 25 октомври 2006 година, во хотел "Макпетрол" во Струга, се одржа вториот Македонски стручен симпозиум "Пекарство и слаткарство" на тема: "Нови трендови во европското пекарство".

Во присуство на 70 учесници од земјата и странство, стручни предавања одржаа 14 врвни стручњаци од Германија, Австрија, Белгија, Холандија, Хрватска и од Македонија.

Претставниците на Комората ги запозанаа присутните со коморската организација и новините во работењето, со услугите што ги дава Комората на своите членки, како и со можноста за поквалитетно работење и пласирање на производите на глобалниот пазар, доколку ги применуваат меѓународните стандарди: за квалитет ISO 9001, за безбедноста на храна HACCP, за баркодирање на производите и услугите GS1 стандардите.

**ПРОМОВИРАНИ НАЈУСПЕШНИТЕ ВО 2005 ОД ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН, 1.11.2006**

Стопанската комора на Македонија, во соработка со регионалните комори од Битола и Прилеп, во предвечерието на 85-годишнината од коморското организирање во Македонија, на 30.10.2006 година во Битола ги промовираше најуспешните компании во Пелагонискиот регион во изминатата година според финансиските резултати верифицирани од Централниот регистер на Македонија.

**Најуспешни компании за 2005 година според финансиските резултати се:**

- АД "Млекара" Битола;
- АД Фабрика за квасец и алхохол - Битола;
- АД "Киро Дандаро " - Битола;
- ПП "Идеал Шипка" - Битола;
- ЗК "Пелагонија" - Битола;
- ПП "Гросист" - Битола;
- ФОД - Дооел - Битола;
- ПП „Пелагонија Петрол" - Битола;
- ПП "Млин Стојчев" - Битола;
- ПП "Синпекс" - Битола;
- ФХЛ" Мермерен комбинат„ - Прилеп;
- АД "Прилепска пиварница" - Прилеп;
- АД"Витаминка" - Прилеп;
- "Тутунски комбинат-Цигари" - Прилеп и
- Печатница "11 Октомври" АД - Прилеп.



Во присуство на потпретседателот на Владата на Република Македонија, д-р Живко Јанкуловски, министерот за економија, Вера Рафајловска, градоначалниците од Битола и Прилеп, претседателите на регионалните комори на Битола и Прилеп, членови на управните одбори и стопанственици, промоција на најуспешните изврши претседателот на Стопанска комора на Македонија, Бранко Азески.

**ТРКАЛЕЗНА МАСА: "CE-ОЗНАЧУВАЊЕ - ПРЕДУСЛОВ ЗА ИЗВОЗ НА ТЕХНИЧКИ ПРОИЗВОДИ ВО ЕУ", 10.11.2006**

Во организација со Стопанската комора на Македонија, Меѓународната финансиска корпорација - ИФЦ, организираше тркалезна маса на тема: „CE-означување - предуслов за извоз на технички производи во ЕУ". Тоа претставува прва фаза на Програмата за воведување меѓународни стандарди и регулативи, чија цел е да спроведе поширока јавна кампања за значењето на различните меѓународни технички стандарди. Преку кампањата ќе им се овозможи на компаниите да го подобрат своето знаење во врска со различните стандарди, како на пример, HACCP,

CE-означување на индустриските производи, управување со квалитетот, управување во областа на заштита на животната средина, специфичните и често обврзувачки стандарди на ЕУ по пат на тематски обуки и консултантски услуги поврзани со одредени индустриски гранки.

**Обука: УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ - ПРИМЕНА НА АДИЗЕС-МЕТОДОЛОГИЈАТА, 10.11.2006**

Стопанската комора во заедничка соработка со Менаџмент тренинг-центарот - Clear View, уште еднаш успешно организираа обука според светски познатата Адизес-методологија на тема: Управување со промени - примена на Адизес-методологијата. Обуката ја држеше светски познат предавач и воедно еден од основачите на Адизес за Југоисточна Европа,  Звездан Хорват.

Промените и проблемите како секојдневен предизвик; Како во услови на промена да се носат добри одлуки; Како одлуките да не останат само мртва буква на хартија; Демократијата и диктатурата во организациите; Од што зависи успехот на организацијата; Како да се предвиди квалитетот на одлуките; Стилови на добро и лошо управување; Што е добар менаџер - беше дел од тоа што беше презентирано на овој семинар.

**ОТВОРЕНА РЕГИОНАЛНАТА КАНЦЕЛАРИЈА НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ВО ВЕЛЕС, 10.11.2006**



По повод 9 Ноември - денот на општината Велес, претседателот на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески ја отвори Регионалната канцеларија на Стопанската комора на Македонија, која е деветта по ред и е наменета за бизнис-заедницата од Велес и регионот на Тиквешијата.

На отворањето на Канцеларијата присуствуваа и градоначалникот на општина Велес, Аце Коцевски, амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Македонија, Џилиен Миловановиќ, претставници на Управниот одбор на Регионалната комора од Велес и голем број стопанственици од Велес и од Тиквешијата.

# СОРАБОТКА
# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА -
# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Соработка во областа на стопанското законодавство**

Соработката е остварена за 25 законски текстови и содржи:

1) Предлози на Владата на РМ за донесување нови или измена на постојни закони кои се во целост поддржани од Стопанската комора на Македонија:
1. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица со Предлог на закон;
2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва со Предлог на закон;
3. Предлог-закон за државен пазарен инспекторат.

2) Предлози на Владата на РМ за донесување нови или измена на постојни закони за кои се дадени предлози и забелешки за изменување и дополнување:
1. Закон за градење;
2. Закон за просторно и урбанистичко планирање;
3. Закон за минерални суровини;
4. Закон за превоз во патниот сообраќај;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка со Предлог на закон и Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход со Предлог на закон;
6. Закон и Правилник за данокот на добивка;
7. Предлог за донесување на Закон за концесии.

3) Иницијативи на Стопанската комора на Македонија за донесување нови или измена на постојни закони кои се прифатени од Владата:
1. Измени во Законот за данокот на добивка во делот на издвојувањето посебна резерва за обезбедување на потенцијалните загуби кај банките и штедилниците;
2. Изменување и дополнување на Законот за животна средина, член 185.

4) Иницијативи на Стопанската комора на Македонија за донесување нови или измена на постојни закони кои не се прифатени од Владата на РМ:
1. Закон за средно образование;
2. Закон за превоз во патниот сообраќај;
3. Закон за платен промет;
4. Закон за чек;
5. Закон за меница;
6. Закон за јавни претпријатија;
7.Донесување закон во кој би се обединиле одредбите на повеќе закони кои се однесуваат на работата на различните инспекциски служби;
8. Закон за договорен залог;
9. Закон и Правилник за данокот на добивка од аспект на задржаниот данок при исплата на приходи на странски правни лица;
10. Изменување и дополнување на Законот за животна средина;
11. Законот за управување со отпад;
12. Закон за заштита на потрошувачите;
13. Измена на Закон за радиодифузна дејност.

**Соработка во други области (царина, даноци и сл):**
1. укинување  на плаќањето на 15.000 денари за секоја промена во Одобрението за увоз за облагородување;
2. системски да се регулира прашањето на побарувањата на претпријатијата од државата, на централно и на локално ниво, по сите основи (испорачани стоки, извршени услуги), со обврските на претпријатијата кон државата по основ на даноци, придонеси и други давачки;

3. платите да се дефинираат во бруто-износ за реално извршена работа, врз која основа ќе бидат определувани придонесите и надоместоците;
4. укинување на увозните давачки преку постапката за воведување автономни мерки за укинување на царинските стапки на одделни суровини, репроматеријали и опрема за:

- -текстилната индустрија и конфекцијата;
- -основните суровини за производство на пиво;
- -преработките од месо;
- -кондиторските производи и
- -хемиската индустрија;

5. олеснување на трговијата и транспортот меѓу Република Македонија, Србија и Црна Гора;
6. обезбедување рамноправен третман на сите понудувачи кои учествуваат на тендери (домашни и странски);
7. воведување компензациона давачка за млекото;
8. воведување на евидентни маркици во прометот на брашно;
9. елиминирање на диспаритетот во цената на цигарите;
10. отстранување на административните процедури во делот на царинењето, како што се обезбедување банкарска гаранција за увоз, скусување на времето на царинење и барање доказ за однапред платени давачки и сл.;
11. спроведување ригорозна контрола на увозот на текстилните производи, со доследно применување на законските прописи и соодветно царинење наконфекциската облека преку парче наместо тежински единици;
12. ослободување од плаќање ДДВ и царина при увоз на суровини и репроматеријали од трети земји, кои во готовиот производ учествуваат со минимален процент и со тоа се овозможува лон-доработка во текстилната индустрија;
13. Иницијатива за упростување на сложената процедура за евидентирање, сортирање и ставање во царинска постапка на отпадот при производство на текстилни производи;
14. барање за укинување на увозните давачки на суровини и репроматеријали - 4 тарифни броја од хемиската индустрија - преку постапката за воведување на автономни мерки за укинување на царинските стапки;
15. барање за доследна примена на Правилник за здравствена исправност на производите за општа употреба;
16. пропишување заштитни царински давачки за увоз на обувки од Р. Кина;
17. преземање мерки во областа на туризмот;
18. барање за пропишување компензациона давачка при увозот на масло за јадење;
19. организирање на раноградинарското производство;
20. евидентирање на оранжериите во катастарот.

**Соработка во други сфери**

Оваа соработка опфаќа заедничко организирање и учество на околу 300 семинари, средби, состаноци, бизнис-форуми и сл.

# РЕЗИМЕ
# за Извештајот за активностите на Стопанската комора на Македонија во 2006 година - низ бројки

**1. Во Вашата бизнис-канцеларија** се издадени 13.936 разни документи за ефикасно водење на бизнисот на членки и нечленки и тоа:

- 1057 сертификати за потекло на производите (форм А);
- 9517 сертификати за потекло на производите (оригин);
- 164 АТА - карнети;
- 177 потврди за ексклузивитет;
- 8 потврди за единствен производител;
- 2799 препораки за визи;
- 43 потврди за членство во Комората;
- 153 заверки на фактури, договори и други документи (со печат видено во Комора);
- 6 мислења за исполнување на економските услови;
- 1 потврда за виша сила.

Секој работен ден просечно 55 претставници на фирми подигнуваат разни документи за потребите на нивниот бизнис.

**2. ГС1- Македонија**- примени со 117 нови членки со што вкупниот број е 1273 фирми кои се влезени во милионската светска база на фирми кои користат кодови.

**3. Контакти со фирми**
- 900 фирми посетени во текот на годината и од нив околу 400 фирми се зачленети во Комората.

**4.** Во текот на 2006 година **имаше 350 јавувања на CALL-Центарот (15 0 15) о д земјата и од странство.** Најчесто се јавуваа со барање: да станат членки на Стопанската комора на Македонија; да стапат во контакт со домашни и со странски фирми; информации за саемите; за ИСО, ГС1, за процедурата за добивање сартификати за потеклото на стоки, АТА-карнети и слично.

**5. www.mchamber.org.mk - web portal**
Повеќе од 330.000 посети од 20.800 различни корисници:

- внесени повеќе од 2300 тендери;
- внесени повеќе од 250 македонски компании;
- внесени 1000 странски компании;
- внесени 654 понуди/побарувачка;
- електронски matchmaking над 300 на македонски со странски компании;
- изработка на 144 листи на фирми според соодветни барања;
- внесени се 135 компании во софтверско решение на Агенцијата за претприемништво.

**6. Бизнис-настани**

- Во минатата година во Комората се одржале вкупно 644 настани - редовни состаноци на здруженија и групации, презентации, бизнис-форуми, семинари, обуки и слично, на кои учествувале вкупно 23.885 претставници на фирми.
- Просечно во секој работен ден во Комората на овие настани присуствувале по околу 120 претставници на фирми.
- Одржани се 79 меѓународни активности - бизнис форуми, контакти со меѓународни асоцијации во земјата и во странство, саемски манифестации, презентации на домашни и странски компании.
- Одржани се 17 семинари, обуки, трибини и проектни ангажмани од меѓународен карактер.
- Потпишани се 9 протоколи и меморандуми за соработка со домашни и странски институции и асоцијации.

**7. Примена на меѓународни стандарди**

Стопанската комора на Македонија преку Центарот за унапредување на квалитетот во производството и услугите, продолжи да биде сервис и пред се` соработник на фирмите заинтересирани за воведување на системите за менаџмент со квалитетот, согласно меѓународниот стандард ISO 9001:2000.

- Во 8 компании имплементиран е систем за менаџмент со квалитетот согласно ISO 9001.

- Во 8 компании имплементиран е системот за безбедност на храната, познат како систем за анализа на критични контролни точки -HACCP - Имплементација на систем за менаџмент со животната средина согласно ISO 14001 во една компанија.

- Стопанската комора на Македонија, во соработка со British Standard Institution (BSI) ја продолжува успешната соработка и на полето на сертификации на системи за менаџмент со квалитетот согласно ИСО 9001 во 5 компании, ресертификации во 18 компании и континуирани проверки на имплементираните менаџмент-системи во околу 40 претходно сертифицирани фирми.

